## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Деведесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,33 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, ќе започнеме со седницата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои не влегле во салата, да влезат во салата затоа што ќе почнеме со седницата.

Продолжуваме со работа по 93-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Горан Мисовски, Хади Незири, Ќенан Хасипи, Данаил Дончев, Али Ахмети, Фазли Велиу, Зумрете Јакупи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Хзбие Ибиши, Теута Арифи, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Владо Бучковски, Есад Рахиќ и Фијат Цаноски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Предлог за донесување на закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, со Предлог на закон**

Владата на Република Македонија го повлече Законот од оваа седница.

Повелете госпоѓо Грковска, процедурално.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници.

Сакам да го изразам мојот револт и протест на пратеничката група на СДСМ заради повлекувањето на Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој од оваа седница заради принципиелни причини.

Истото се случи и кога разговаравме за Законот за буџетите. Овој е еден од законите кој е доставен во Собранието во јуни оваа година. Во скратена постапка е разгледуван во Собранието, меѓутоа даден е приоритет на оваа седница да се разгледува како еден од групата закони кои го носат европското знакче.

Меѓутоа, и покрај тоа што беше договорено на лидерските средби и покрај тоа што беше усогласен меѓу работните групи во Собранието на Република Македонија и покрај тоа што беше усогласен и поминат на Комисијата за европски прашања, наеднаш без никаква најава се соочивме со едно изненадување кое ни го приреди Владата на Република Македонија со неговото повлекување на 4 јануари 2008 година.

Сакам да кажам дека лично очекував оваа седница дека ќе биде пресврт во односите помеѓу власта и опозицијата во ова Собрание, дека оваа седница ќе биде почеток на градење на довербата која упорно Владата ја рушеше изминатата година ипол и лично очекував дека договорот кој е направен и на лидерската средба, меѓутоа и во Собранието помеѓу пратеничките групи дека ќе биде почитуван.

Меѓутоа, договорот не значи договорот кој е направен треба да се испочитува само од едната страна, а потоа парламентарното мнозинство и Владата ќе бира што од тој договор ќе почитува, а што нема да почитува и тоа без никакво образложение.

Мислев дека Предлог законот за буџетите е исклучок и мислев дека пропустот што беше направен во тој закон претставува некоординација помеѓу заменик претседателот на Владата господинот Ставрески и премиерот Никола Груевски од една страна и министерот за финансии Трајко Славески од друга страна што нас како пратеници во суштина не би требало да не интересира, тоа е пропуст на Владата, меѓутоа не би смеело да се одразува на работата на Собранието.

Мислев дека е тоа “ненамерен пропуст” се додека не дојде измената во која се виде дека Владата не сака да го почитува договорот направен на лидерската средба и на предложените измени подметнува решение со кое се сака да се суспендира ребалансот.

Апелирам до парламентарното мнозинство ако веќе сме се договориле да се гради консензус, стратешките прашања за националните интереси на Република Македонија, тогаш договорите кои ќе се направат во овој собраниски дом да се почитуваат. Во спротивно она што се случува на оваа седница е дополнителен знак на недоверба која што упорно Владата на Република Македонија и премиерот Груевски ја протежира изминатиот период. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Минуваме на точка 2 - Предлог за донесување на закон за образование на возрасните, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Збор побара господинот заменик на минстерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пред вас го имате Предлогот за донесување на законот за образование на возрасни, со Предлог закон.

Активното учество на Република Македонија во глобалните интеграциски процеси подразбира и преземање на одговорноста за остварување на глобалните политики во образованието зацртани во меѓународните документи за развој на образованието како програма со образование за сите на УНЕСКО, милениумските цели на ОН, Пактот на стабилност и Болонскиот процес. Промената на возрасната структура на населението на Република Македонија покажува дека се намалува бројот на младото население, а се зголемува бројот на возрасното население.

Овој тренд силно го детерминира креирањето на образовната политика во државата особено во поглед на мрежата на даватели на образовни услуги, како и специфичностите и карактерот на образование на образовните можности кои треба да ги оствари државата во блиска иднина.

Исто така, невработеноста и намалените можности за работ на партиципација на младите и возрасните влијае врз структуирањето на образовните процеси.

Законот на образование на возрасни е еден од корпусот на закони со кои се врши усогласување со законодавството со Европската унија и со негово донесување се создаваат услови за учество во програмите на Заедицата од областа на образованието.

Потребата за донесување на законот за образование на возрасни произлезе од Националната програма за усогласување со законодавството на Европската унија, поглавие 26 образование и култура, Стратегијата на образованието на возрасните во контекст на доживотно учење и Националната програма за развој на образованието на Република Македонија од 2005 до 2015 година која во себе ја содржи програмата за развој на доживотното образование.

Целта на законот за образование на возрасните е да го одржи и зачува позитивниот и активен приод кон учењето на граѓаните од сите возрасти во текот на целиот живот. За таа цел, преку реализирање на одредбите од овој закон Министерството за образование и наука ќе настојува да создаде позитивна атмосфера за континуирано учење и само развој за сите популациски групи. Тоа подразбира зголемување на можностите за образовна мобилност на младите и возрасните и остварување на динамична соработка меѓу образовните установи и потребите кои произлегуваат од сферата на трудот и општествениот живот.

Соработката меѓу различните субјекти во образованието, јавниот и приватниот сектор, невладините организации и волонтерските здруженија ќе биде исклучително значајна за остварување на засилена образовна мобилност на младите и возрасните.

Како цел е утврдено дека со овој закон треба да се даде можност на секој и во секоја возрасна група да се стекне со соодветно образовно ниво и да се стекна со знаење, вештини и ставови, односно компетенции, кои ќе бидат во согласност со барањето на општеството и пазарот на трудот.

Во законот на образованието на возрасните се утврдува дека образованието на возрасните е дел од единствениот систем на образование во Република Македонија. Во овој закон како надлежност на образованието на возрасните утврдени се Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, единиците на локалната самоуправа, коморите и синдикатот.

Со овој закон се формира ново тело Совет за образование на возрасните како советодавно тело кое ќе предлага стратешки прашање кои се однесуваат на изготвување и имплементација на политиката на развојот на образованието на возрасните.

Во Советот на образование на возрасните ќе партиципираат со свое учество експерти за образование на возрасните ,претставници од органите на државната управа, од невладиниот сектор, од единиците на локалната самоуправа, стопанските комори и од синдикатите. Програмите за образование на возрасните се јавно признати пограми според кои се организира формалното образование и тоа основното, средно и високо образование и овие програми ги донесува Министерството за образование и наука.

Посебнит**е** програми за неформално образование, според кои возрасните можат да се образуваат и усовршуваат, специјализираат и да ги дополнуваат своите знаења, вештини и компетенции ги донесува самата установа односно институцијата за образование на возрасните.

На крајот на завршувањето на формалното образование на возрасните ученикот се здобива со диплома или уверение, а на крајот на завршувањето на неформалното образование на возрасните ученикот се здобива со сертификат.

Со овој закон се пропишува дека Владата на Република Македонија ќе основа центар за образование на возрасни како посебен огран во кој ќе се усогласуваат и интегрираат јавните интереси и интересите на социјалните партнери во образованието на возрасните во Република Македонија.

Согласно законот за образование на возрасните средствата за овој вид на образование ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа, самите учесници на образование на возрасни, работодавците, програмите на Европската унија од областа на образованието, други извори наведени во овој закон.

За обезбедување на транспарентност средствата од Буџетот на Република Македонија се доделуваат на установите односно институциите за образование на возрасните врз основа на јавен конкурс, кој го распишува центарот, а средствата од буџетите на единиците на

локалната самоуправа се доделуваат на установите односно институциите за образование на возрасните врз основа на јавен конкурс кој го распишува единицата на локалната самоуправа.

Бидејќи работничките и народните универзитети во Република Македонија се уште се со недефиниран статус со овој закон се предвидува дека основачките права и обврски над истите ќе ги преземе општината односно градот Скопје.

Ова решение во законот е понудено бидејќи планирањето на локалните потреби од образование на возрасните ќе биде право и обврска пред се на локалните власти.

Благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Шабан Салиу, повелете.

**Шабан Салиу:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Како пратеник би сакал да дадам еден мал скромен придонес со дискусијата околу овој Предлог закон.

Сметам дека има голема важност за целото наше општество особено за ромската заедница со оглед дека е на најнизок степен на образование.

Направени се многу истражувања во Република Македонија во поглед на образованието на целокупната популација, но, за жал, дојдено е до едно сознание дека образовното ниво на возрасните е на многу низок степен кај сите.

Според статистичките податоци кои ги имам добиено од Заводот за статистика во време од 2005 до 2006 година лица кои имаат завршено средно вонредно училиште со трети степен се вкупно 487 лица од кои од македонската заедница се 387 лица, албанци има вкупно 55 лица, турци 17, додека роми 9.

Лица кои имаа завршено доквалификациско училиште со стручна спрема 4 степен е 623 лица и тоа за период 2005-2006 година. Податокот дека 1985-1986 година постоеле околу 30 вакви училишта за доквалификациско училиште односно еден начин на образование на возрасните и неговото намалување на 13 училишта во 2006 година не содејствува за конкретната потреба.

Исто така би го навел и фактот дека на тој начин се намалува и бројот на запишаните и слушателите за оваа настава.

Бидејќи лицата кои имаат започнато образование, а не го завршиле претставува со новиот Закон за средно образование нивно уставно загарантирано право да го завршат односно да имаат доквалификација на своето образование. Со тоа би си помогнале самите да најдат со соодветна професија работа и со тоа нема да бидат на товар на државата со социјална помош и ќе се располага со писмен кадар во државата. Сметам дека овој Предлог-закон е од особена важност за ромската заедница која во државата ја претставува 2,66%.

Јас би дал одредени статистички податоци за состојбата на Ромите постари од 15 години. Имено, 24% се неписмени, 30% не го завршиле основното образование, 33% се со основно образование, 9,2% имаат завршено средно образование и 0,3% имаат завршено некоја форма на виша, односно висок школа. Тоа покажува дека образовното ниво кај граѓаните од ромската заедница, за жал, е во една катастрофална состојба и од посебна важност е токму овој закон за ромската заедница.

Ниското ниво на завршување на образование кај Ромите, за жал, резултира и со 95% стапка на невработеност и 12% придонес во социјалната помош, од вкупното население.

Ако го споредиме вкупниот број на работна сила, споре етничка структура, воочливо е дека Ромите имаат најнизок процент на невработеност 95% во однос на другите групи, низ сите општини во Република Македонија, што налага ниското ниво на образование, односно дестимулира најголем број од Ромите да не може да се интегрираат во државата, особено на јавни работни места односно јавната администрација и јавните претпријатија. Ниското ниво на образование кај Ромите е причина да извршуваат најниски и најниско платени работи кои обично се физички, а за жал сега поради големата конкуренција не се достапни ни тие мали работни места. Во едни такви услови на криза, заострени образовни критериуми за вработување, уште повеќе ваквата состојба, за жал, ги маргинализира Ромите.

Поради егзистенционалната важност на овој Предлог-закон накратко би сакал да дадам неколку сугестии во поглед а член 9 од Предлог-законот, што се однесува на Советот за образование на возрастните, кој се именува од страна на Владата.

Предлагаме еден член во овој Совет за образование, мислам дека го сочинуваат 12 члена, да биде член од ромската заедница.

Во член 15 од Предлог-законот се дефинира склучување на договор помеѓу установата за образование на возрасните и учесникот. Во ваквиот договор е предбиден и надоместок за услугата.

Имајќи ја предвид социоекономската состојба на граѓаните од ромската заедница, се плашам дека и во редовната настава, по втор пат висината на надоместокот да не биде пречка Ромите како втора и последна шанса да се стекнат со соодветно образование, која можност ја дава токму со донесување на овој закон.

Во овој момент јас располагам со информации дека за завршување на една година од средно образование, како доквалификација, потребни се некаде околу 20 илјади денари. Кога би се пресметало тоа за четири години, тоа би било повеќе од 80 илјади денари кои навистина претставуваат оптоварување на Буџетот на некој корисник, односно корисникот на социјална помош.

Член 13 од законот регулира управување и раководење со Центарот за образование на возрасните кој треба да го управува Управниот одбор. Од тие причини предлагам, со оглед што ромската заедница се наоѓа во најтешка положба, по однос на образовната структура, предлагам член во овој Управен одбор да има од ромската заедница.

Со оглед на тоа што граѓаните од ромската заедница повеќе се населени во Шуто Оризари, ги има повеќе од 25 илјади, предлагам одредена установа или школо да се изгради во Шуто Оризари каде ќе може да се извршат овие доквалификации односно вонредни уписи, односно да се заврши образованието кај ваквите граѓани.

Овој закон ќе го поддржам од причините наведени претходно.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер, колеги пратеници, дозвлете накратко да кажам неколку збора за овој закон.

Имаќи ја предвид реалната состојба која, еве и актуелната Влада ја согледа во поглед на процентуалниот износ на населението, работоспособно население кое има многу ниско ниво на образование, значи основно или незавршено основно образование. Тоа е еден од најважните закони кој ќе поттикне да се поправи, се надевам, постојната реална слика на образованието. Значи, потенцирам дека е исклучително важен закон, можеби поважен од било кои реформи што се спроведуваат во постојниот систем на образованието, бидејќи тие реформи се однесуваат на идните генерации на ученици кои се внесени, или постојните закони во системот. Но, што е со оние, без малку 60% од работоспособното население кои имаат незавршено основно образование, или завршено основно образование, што според европски стандарди претставува многу низок степен на образование на работоспособното население. Значи само на кратко да набројам поважни активностио кои доведоа до изработката на овој закон.

Овој закон се работи подолго време и ми претставува задоволство што можам да видам една форма на Предлог на закон што всушност ги финишира сите оние активности кои во минатото се остваруваат. Посебно за овој закон беше заинтересирана Европската заедница која преку Европската тренинг фондација од Торино активно учествуваше преку одредени воп шопови, тркалезни маси, работилници или вкрстени анализи на работоспособното население и со одредени експертизи или експерти да влијае овој закон што побрзо да се донесе во Република Македонија. Во ред е што конечно имаме одредена верзија.

Што е тоа што овој закон го дава, а што е тоа што и во иднина нема да го потполни во евидентната празнина што постои?

Пред се овој закон се однесува на луѓе со недооформено образование, со возраст која не овозможува да се вклучат во постојниот систем на образование. Постојат три форми односно две форми овде наведени, во формалното образование и во неформалното образование.

Според нас, а тоа му го сугерирав и на заменик министерот, на една од комисиските расправи, потребно е да се вклучи и информалното образование, бидејќи ќе има забелешка од страна на Европската унија, кога ќе се прочешлува овој закон и е потребно како дефиниција да стои во членот 3. Можеби во натамошниот текст на законот не се споменува тоа, но добро би било и ние пропуштивме со амандмани да влијаеме на тоа, добро би било Владата, тогаш и беше сугерирано да се вклучи оваа терминологија за информалното образование, бидејќи ќе биде користено како форма, се надевам, во идниот систем.

Во Република Македонија постои едно неорганизирано образование за возрастни. Основното образование го изведуваат 4 центри во Република Македонија, работнички универзитети кои престанаа да бидат во системот во 2000-та година, со одлука на тогашната Влада. Сега тие и покрај многубројните притисоци во минатото се регистрирани како здруженија на граѓани и работат по некоја програма. Што е пробемот? Проблемот е што тие спроведуваат програма која не е верификувана од постојните институции на системот во Република Македонија, од Министерството за образование и наука и даваат сертификати или уверенија кои не се признавани од Агенцијата за вработување. Тоа е голем проблем кој ние во минатото се обидувавме да го дадеме како факт при тие советувања во Торино. Со таков проблем се соочуваат сите бивши југословенски републики. Значи сеуште постојат работничките универзитети кои и треба да постојат во форма за образование, исклучително за образование на возрасни, но до сега државата не успеа да најде некоја форма во која ќе бидат внесени како институции во постоечкиот систем, значи да им се признае институционалната форма што овој Предлог на закон ја дава сега како можност. Но, мене ми смета што сеуште се нарекуваат така. Значи образованието за возрасни, согласно со овој закон може да го вршат јавните и приватните установи за образование на возрасни, институциите за образование на возрасните, работничките и народните универзитети, што мислам дека е една надмината форма на искажување и ние дадовме еден амандман во кој ги нарекуваме центри за усовршување. Мислам дека е добро да постојат во поинаква форма на искажување, бидејќи тоа е навистина надмината форма.

Значи, на почетокот кога го образлагав нашиот став кажав да не се сфати во јавноста дека ние

сме против нивното постоење. Напротив, тие ќе бидат институционални форми со приватн или општинско ниво на здружување финансирани со приватни дотации или пак од општински буџети, на начинот на кој тие го задржуваат титуларот, навистина смета. Тука треба, сега во овој момент, до колку постои подготвеност, да се промени тој титулар.

Она што во законот ние посочивме дека смета, тоа е лиценцирањето. Значи во законот не постоеше лиценцирање, кој ќе им дава виза на тие институции кои ќе вршат образование на возрасни. Значи, кој ќе ги оценува условите дали ги исполнуваат, кои се дефинирани во законот, значи под кои услови тие институции можат да вршат обука на возрасни. Но верификацијата е друг начин на утврдување на условите. Но после утврдување на условите, дали таа институција ги исполнува, треба да следи решение или давање на лиценца од надлежен орган, а кај нас по Уставот или по Законот на органи на управа, тоа е Министерството за образование и наука. Ние дадовме поголем број амандмани кои се однесуваат на лиценцирањето како форма и мислам тоа ќе биде прифатено од страна на претставникот на Владата и тоа ќе стане составен дел на текстот. Исклучително важно е, до колку значи не постои лиценцирање, почитувани колеги, хаосот и натаму ќе продолжи, ние ќе имаме добар закон, но во реални услови ќе имаме огромен број на институции кои на диво, без некоја утврдена форма на давање на решение за нивна работа, ќе си работат без да одговараат на некого и тогаш нема да имаме ред во хаосот. Значи се надевам дека лиценцирањето ќе биде прифатено, според оној договор што го имавме со претставникот на Владата и тоа е еден огромен проблем што во овој закон како пропуст беше ставено и ќе се решава.

Второ ниво за кое, морам да признам, јас во овој момент немам решение, но како искуство ви го пренесувам и можеби после усвојување на овој закон, знаеме дека законите не се совршени и секогаш се отворени, нека профункционира ова, но јас ве уверувам дека контролниот механизам на квалитетот на наставниот процес кој ќе се изведува во овие институции, не е целосно решен. Значи уште немаме целосно воспоставен еден контролен механизам како тоа ќе се спроведува . Да, ќе се востанови центар за образование на возрасни, но ќе биде потребно време да профункционира тој центар.

Ако добро се прочита законот и која беше тенденцијата по темпус ФАРЕ проектот и оние ПИЈАР што европската фондација ги изведуваше, тоа е главната невралгична точка на образованието на возрасни, како и во која мера ќе се конституира тој центар од социјалните партнери, значи од МОН од Министерството за труд и социјална политика, вклучувајќи ја и Агенцијата за вработување, од синдикатите од стопанските комори, како претставници на работодавачите, да се направи еден центар во кој преквалификацијата и доквалификацијата на онаа категорија на население кое не може да се вклучи во постојниот систем, ќе биде обликувана со посебни програми, но контролата на квалитетот ќе биде проблематична. Значи ја отвора можноста, во иднина законот да се надоградува во тој сегмент на барање на соодветни механизми за контрола на квалитетот на наставниот процес во овие институции и со казнени одредби, одземање или давање на лиценците на пократок рок. Значи контролата во прво време ќе мора да биде пригорозна, ако сакаме да имаме квалитетна имплементација на законот и да се исполнат основните цели, зголемување на степенот на образование на онаа структура на население која пропуштила во својот животен век да биде вклучена во постојниот систем на образование.

Третиот сегмент кој е проблематичен, што ќе се дава како уверение дека завршиле, сертификат, уверение, диплома, што? Овде во терминологијата стојат одредени поими: диплома, свидетелство, уверение и сертификат и тоа е во ред. Во законот тоа е покриено, но при имплементацијата на овој закон ќе наидеме на море на проблеми и заради тие причини ние не успеавме да направиме конечно позитивно поместување, во наше време да го донесеме законот, заради националната рамка на квалификација која треба да воведе ред во нивоата на степени на образование односно нивоа на квалификации, компетенции, знаења и вештини што секој учесник во образовнот систем треба да го има. Националната рамка на квалификации сеуште се изработува, за жал. Јас знам дека од објективни причини не може да се направи позитивен исчекор, бидејќи и кај земјте членки на ЕУ има проблем во тој сегмент. Голем број земји членки од ЕУ немаат унифициран пристап како да ја донесат националната рамка на квалификации, или да бидам појасен. Кај нас постоеја 8 степени на звања, во постојниот систем. Во други држави има три степени на звања, во некои пет степени, во некои 12 степени на звања, сите се членки на Европската унија. Таму нема унифициран пристап, а се бара, значи и затоа тука не се притиска толку силно, како услов, ние тоа брзо да го изработиме. Но, тоа ни смета за внатрешни имплементаци на закони, како што е овој.

Значи да тргнам од највисокото ниво за Болонската декларација. На секоја од министерските средби се инсистира, особено после Лондон кога имаше министерска конференција, значи да се има пофлексибилен пристап во образованието. Со поедноставни зборови на факултетите некој кој што се запишал, започнува на одредена студиска програма, стигнал до прва година, не може понатаму да го продолжи своето образование, па се инсистира да се изнајде форма, да му се даде на тој студент одреден сертификат за стекнати знаења, вештини и компетенции. Тоа не е едноставно да се направи. За тоа треба

факултетите да ги изменат студиските програми, во кои што ќе треба да се усогласат само за една година да овозможат стсудентот да стекне одредена компетенција, знаење, вештина, со која што ќе одговара на пазарот на работна сила. Од тоа ние сме многу далеку. Но, како препорака, како тренд, како тенденција во Европската унија тоа постои. Тоа ќе биде притисокот и заложба врз сите други земји така да го реформираат образованието. Овде ќе имаме 6 месечни курсеви, годишни курсеви, двегодишни, тригодишни курсеви. Жал ми е што Законот за високо образование е повлечен, не е донесен, бидејќи во таа нова форма овие видови на неформално образование се вградени во тој закон и ќе овозможат и високообразовните институции да се вклучат во законот за имплементација за овој закон за образование на возрасни. Вака, останува непознато во членот 3 во формалното образование за возрасни постојат основно образование на возрасни, средно образование кое што го вклучува и стручното образование и високо образование на возрасни. Мислам дека тука не му е местото, бидејќи високо образование на возрасни постои без закон. Било која индивидуа на било која возраст непречено може да се запишена факултет и да го продолжи образованието на високо ниво. Проблматично е возрасните особи да се вклучат во системот на основно образование и во системот на средно образование ако се во поизминати години. Но, за високо образование тоа ниту некогаш пречело, ниту пречи. Но, како форма нека постои и не пречи, а ако има предвид ова што го кажав за во Законот за високо образование во кој што се дефинирани отворените можности и високообразовните институции со одредени форми да се вклучат во имплементација на овој закон. Тоа беа главните три сегменти во кои што ние не можевме да направиме конечен завршен исчекор. Направени се одредени поместувања но уште висат. Значи, дипломите се надевам дека ќе бидат признати од страна на Агенцијата за вработување кога таа ќе се вклучи во Центарот за образование на возрасни и ќе учествува во креирањето на наставните програми заедно со Министерството за образование. Но, за тоа ќе фали и ќе мора да направите еден позитивен исчекор, барем ако ништо друго да донесете привремена национална рамка на квалификации или да ја верификувате постојната со осум степена на знаења. Бидејќи, не ќе може да се одговори на предизвикот како дипломите или уверенијата кои што ќе ги добијат тие ќе у чествуваат на пазарот на работна сила. Во другите соседни држави тоа го решиле. Јас најодговорно ви тврдам, бидејќи сум бил ревизор на нивните системи. Тие во немање на нова рамка на квалификации ја задржале постојната со бајпасирање на постојните стари законски регулативи кои ги имале и Агенцијата за вработување интензивно работи и со приватни и со државни институции на преобука, преквалификација и доквалификација. Кај нас тоа не функционира, прекината е врската помеѓу постојните институции, работничките универзитети и мислам дека се признати две од стран на Министерството, две такви институции од страна на Министерството за образование и наука, мислам четири, бидејќи сеуште се согласија да образуваат возрасни особи со основно образование. Значи, до степен на основно образование. Другите не се согласуваат, бидејќи не им е профитабилно, а тие работења на профитабилна основа. Но, за јавноста и за вас почитувани пратеници, тука има еден хаос во кој што никој до сега не се осмели да направи ред. Објектите во кои што се држи наставата се на Република Македонија според Уставот надлежна за нив е Владата на Република Македонија, која што во 2000-та година им е дадена на користење таа инфраструктура. Таа им е дадена на користење со Одлука додека на Владата не и притребаат тие објекти за друга намена. И, сега, овде заменик министерот кажа дека општините ќе се јават како основачи. Тука има неколку проблеми.

Прво, објектите ќе мора со делбен биланс да им ги префрлите на општините. Значи, да се смени титуларот на објектите, за да можат тие понатаму да стапат во преговори со постојните работнички универзитети, кои што се сега регистрирани како здруженија на граѓани, дали ќе сакаат да бидат под капата на општината, или пак општината ќе формира потполно нова институција. Тоа ќе остане како можност, како форма, но сигурен сум дека општината ќе си го бара објектот. Бидејќи, сега постои граѓанско здружение кое што работи на профитабилна основа со самофинансирање си користи објект кој е државен, не плаќа никаков надоместок на тоа, напротив уште со издавање на просториите на тие државни институции имаат значителен дополнителен приход месечен. Тоа ќе мора да го решите како Влада, ќе мора да пресечете како тоа во иднина ќе се обавува. Бидејќи, сега постои хаос. Јас лично сум се обидел во два, три наврати, но не сум успеал. Немаше законска регулатива, а ова е добра основа, можност, бидејќи сега во овој закон се дефинирани кои ќе бидат основачи на тие институции. Кога ќе го изгласаме овој закон, ќе може да се преземат тие мерки. Значи, Владата ќе мора со делбен биланс да ги префрли тие објекти или да ги задржи во своја сопственост кај одредени големи урбани центри. Понатаму, општините да се изјаснат за брзо време. Тука фали, можеби во преодни и завршни одредби во колкав временски период општините треба да се изјаснат, бидејќи нас ни гори под нозете како држава, имаме преголем процент на население кое што едвај е зрело да се вклучи со постојните одредби на овој закон, за да го подигнеме нивото на образованост на таа структура, која што сега во моментов се вклучува индивидуално на профитабилна основа, но постои голем хаос во тоа. Во крајна линија, главниот проблем верификацијата, што значи добиваат некакви хартии кои што никаде не се признати. Ако имаме како држава малку поголема ревност во

спроведување на постојните законски решенија, трудова инспекција да оди кај приватни занаетчии кои добиле ваков вид на образование, на неформален начин треба да им ги признае дипломите, бидејќи не се во постојниот систем.

Ова го кажувам со добри намери, за да ви потенцирам колку е значаен овој закон, поважен е и од измени на закон за основно образование, поважен е и од задолжително средно образование, бидејќи реалната структура на населението е таа. Податоците беа потенцирани во минатото, за жал, ние сме нација со многу ниско ниво на образование. Само 5% од работоспособното население односно оние кои се во Агенцијата за вработување регистрирани се со високо и вишо образование. Тоа е алармантен податок за кои што верувам дека сите не загрижува и сите исчекори се во насока на надминување на оваа состојба. Оваа состојба не може преку ноќ да се  промени. Потребно е време за тоа, но треба да работиме во континуитет. Јас го поздравувам ова што во континуитет се работи. Значи, Нацрт контурите на овој закон беа изработени уште во претходниот состав, се продолжило натаму јас навистина давам поддршка на овој закон, свесен дека ќе има недостатоци во имплементацијата и свесен сум дека ние се обидовме на постојниот текст да дадеме некои сугестии со амандманите.Значи, однапред и со тоа завршувам, немојте да сфатите дека амандманите кои што сме ги дале 30 или 40 беа а се пролонгира времето. Тие беа исклучиво со цел да се подобри текстот на законот и после усвојување на одредени амандмани ќе има недостатоци тој закон, но на нас е да го подобриме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Положани имате збор.

**Азис Положани:** Благодарам господине претседател.

Дозволете јас да кажам неколку збора во однос на овој предложен текст на законот за образование на возрасните, обврска која што произлегува за Македонија од обврските кои што се во однос на исполнувањето на барањата во однос на нашето зачленување во Европската унија и попрецизно обврска која што произлегува од самиот Копенхашки документ кој што во однос на општото образование на сите нивоа, основно, средно и високо и што на некој начин е можеби единствениот закон кој што беше таксативна обврска, која што требаше овој Парламент да ја усогласи оваа обврска, со што формално ќе се каже дека ние колку-толку сме ги исполните барањата кон Европската унија што се однесува на областа на образованието.

Уште на почетокот морам да истакнам дека ми е жал што толку се оддолговлекува и фактички можеби се губи логиката на давање на коментари или пак не применува да се повториме во однос на некои прашања, фактот што сосема во поинакво време се разговараше во Комисијата за овој Предлог закон дури после неколку месеци дебатираме на пленарна седница за истиот, па сепак ќе се обидеме да го надминеме овој хендикеп, останувајќи во нашата конструктивна линија да го поддржиме овој закон, кој што, како што реков, е обврска на државата и ќе може да покрива јасно недефинирана област во образованието. Кога го велам ова, имам предвид дополнителни компоненти на образованието, главно, неформалното и формалното образование, кое што е покриено и со други закони, меѓутоа, образовните политики на ниво на Европа и социјалната ситуација и потребата од динамизирање на економските политики, сепак, Европа ја натера да воведе инструменти со кои што ќе ги прилагоди своите профили, надлежностите на луѓето на подинамичен и побрз начин за исполнувања на барањата на пазарот на трудот, кои што барања во времето на глобализазцијата навистина се толку барани, се толку потребни, така што во формалното образование, или пак само формалното образование кое што трае три, пет, шест и четири години, навистина е недоволно за отворање на патеки или патишта за побрз развој на стопанството, затоа што ова стопанство има потреба од побрзо прилагодување на работната сила, затоа што како што реков глобализацијата си ја врши својата работа и само неформалната форма, зошто не и побрзите форми на образование може да дадат еден бесценет придонес во насока на прилагодување на образовните системи во функција на побрз и подинамичен развој. Затоа, ова е наша обврска кон Европската унија и јасно е дека Македонија тежнее да се интегрира во Европската унија и има статус на земја членка кандидат, меѓутоа без добиен датум на преговори и ние се надеваме дека со ова соодветно исполнување на барањата и тоа време ќе дојде. Меѓутоа, сепак, во образованието е потребно сите чекори кои што се преземаат и се што ќе се случува, треба да се случи колку што е можно побрзо, без оглед кога ќе биде целосното зачленување или интеграција на самата држава во Европската унија, затоа што образованието е тоа што ја гради иднината, образованието е тоа што ги гради идните политики, така што само навремените аплицирање на законите и реформите во образованието може навистина да придонесе во потребно време и да има очекувано влијание во економскиот развој.

Затоа, ценам за потребно да се донесе овој закон и како таков, иако ги има многуте слабости, кои што ќе се обидам во мојот говор и да ги истакнам, со цел во текот на расправата за текстот, амандмански да увидиме кој е најдобриот и најсоодветниот начин на моделирање или профилирање на овој закон, навистина истиот да биде поконзистентен и поспроведлив, што е најзначајно.

Мислам дека, тоа го кажа и претходниот колега, господинот Герамитчиоски даде реални тонови на тежината на овој закон, затоа што јас само

сакам да го зајакнам тоа мислење дека е значаен не само заради конкретните причини што се кажаа тука, туку вие сигурно сте информирани дека целиот или сите проекти од областа на образованието, кои што проекти ќе бидат финансирани од Европската унија и к ои што ќе ги користат соодветните места и нашата земја само дел од нив за жал, само дел добиле назив образование во текот на целиот живот. Тој начин на учење на возрасните е главниот дел или пак сублимат на тоа што значи, образование во текот на целиот живот. И, доколку ние успееме да усвоиме конкретен, спроведлив, практичен закон мислиме дека ќе го подготвиме општеството, ќе ги подготвиме институциите, општините и сите заинтересирани да бидат поблиску информирани со филозофијата и начинот на прифаќање или привлекување на средства од Европската унија, кои што се во контекст на тн., Проект за учење во текот на целиот живот, каде што се опфаќа и образованието на возрасните, мобилноста на ниво на високо образование, мобилноста на студентите, на учениците, мобилноста на учениците за стручните училишта, мобилноста на професорите и размена на нивните искуства, со разни имиња што се донесени тука. Ние усвоивме еден таков закон неодамна, кој фактички е во однос на оперализацијата и пристапот кон овие проекти, мислам дека ако овој пат имаме успех да донесеме закон кој што ќе биде навистина јасен и имплементирачки и спроведлив, ќе помогнеме на сите субјекти да се снајдат полесно во оваа насока, за да искористат фондови и да бидат ориентирани, да им биде појасно што значи образование на возрасни, што значи во контекст на учењето во текот на целиот живот и ова истото гледано од европска перспектива го велам ова. Ова го велам така, затоиа што Македонија, не е место кое што нема ниту еден елемент, ниту пак една основа за да се каже или за да се придонесе во оваа насока, затоа што има искуство во нашата образовна традиција, а тоа сега го нарекукваме како работнички универзитети како центри за образование или не знам како поинаку, кои постоеле поинаку, па таа форма на тогашното оргнизирање била за тоа време, а сега е потребна нова форма, која што не е многу далеку од таа, сепак е искуство кое што,зошто не, може да се искористи, значи не треба да се отфрли се од минатото кое што го имаме како традиција, туку сето ова треба да се прилагоди на денешните потреби, динамика и европскиот дух, кој всушност има свои специфики и има свои карактеристики кои што ние треба да ги приспособиме.

Втората причина зошто треба овој закон да се усвои, што сакам да го кажам во општата расправа е поради тоа што, како што реков, во Западна Европа и во развиените земји воглавно служи за прилагодување на работничката класа или на работната сила кон новите потреби, барања на пазарот. Доколку еден инженер или техничар работел во еден вид на индустрија, сега треба истиот да се преориентира во производството таа работна сила треба да се приспособи кон потребите на тој пазар, кон таа индустрија, тој не треба да оди 4 години на формално образование туку едноставно да се прилагоди на една добро конципирана програма од стручњаци и во 4,5,6 месечен циклус работејќи да се прилагоди кон овие потреби за да не го изгуби работното место. Државата да не создаде дополнително невработување. Кај нас ова важело и важи, посебно во развиените земји. Вие знаете дека овој концепт на образование во текот на целиот живот е развиен во скандинавските земји како што се Норвешка, Шведска, Финска, кои напреднале до максимум затоа што имаат недостиг од работна сила и имаат потреба од прилагодување на постојната работна сила за нивни нови потреби и имаат застареност кај населението. Таму и над 65-66 години луѓето се подложуваат на овој вид на систем и тоа доброволно затоа што секој човек во секоја возраст доколку ги има физичките способности може да се прилагоди кон работата, без оглед на неговата возраст, посебно кога истото е мотивирано од економски причини.

За нас ова не е прилика затоа што уште не сме успеале да обезбедиме работа за тие што се работоспособни, а камо ли за пензионирани. Токму тука е тежината. Образованието за возрасни е најдобриот начин на прилагодување на најголемата структура на невработени кои завршиле еден вид на образование во еден систем или еден концепт во едно време, мислејќи дека за тоа образование ќе најдат соодветно работно место сега тие фабрики се затвараат, исчезнува тој систем, луѓето останале на улица и не знаат како да се приспособат и да бидат атрактивни за работодавачите.

Ова е начин на влегување во процесот на образование на возрасни со јасни концепти и со јасни обврски, со утврдени одговорности на сите нивоа како од Министерството, локалната самоуправа и институциите и установите. Тие ќе можат полесно да се прилагодат на новите потреби иако во нивно време се образувале и учеле за сосема посебен економски амбиент или средина која сега веќе не постои. Големата невработеност во Република Македонија е силна причина, можеби и главната за овој закон не само да се донесе на формален начин, туку да се увидат јасните патишта на имплементација и практикување на истиот.

Го имам тука главниот сомнеж и дозволете ми да кажам дека во оваа област мислам дека не сме доволно подготвени, го имам предвид Министерството дека не е до крај или колку што треба подготвено за имплементација или давање на потребна логистика за спроведување на овој закон. Не е подготвена ниту локалната власт ниту другите инстанци за да ги добијат потребните надлежности и одговорности за спроведување со потребната јаснотија на овој закон. Не мислам

дека се подготвени добро и другите инстанци кои се многу значајни во овој концепт. Апелирам до Министерството да има посебна единица со добри стручњаци кои заедно со Министерството за труд и социјална политика затоа што се прашања кои се интердисциплинарни и со други компоненти кои се изразени преку советот кој е предложен во законот, но често пати овие совети се основаат на формално ниво и не се постигнува ефект од истите. Мислам дека е време да се види овој закон како добра шанса организирајќи подобро на сите нивоа секој да си ја најде својата улога на конкретен начин да си ја одигра истата, затоа реков ние можеме да имаме добар закон, но доколку ги нема надлежностите и други компоненти за имплементација не може да се постигне целта. Непостигнувањето на целта во оваа смисла фактички ќе биде негативна работа за сите, а најмногу за оние што чекаат од овој закон, но чека и општеството и државата за да се направат подобри работи.

Ова се главните елементи за кои сакав да говорам.

Не би сакал да должам многу по однос на законот затоа што ќе говориме и за амандманите, но се гледа нејаснотија и конфузија во употребата на некои поими. Имаме терминологија која не е прецизно употребена како што треба и каде треба, но фактички би истакнал поради програмите кои би биле дифинирани од определени инстанци еве членот 20 - јавни програми, мислам дека верификуваните програми на единствен начин не можат да се подобрат врз овој принцип. Сите тие издаваат исти сертификати и исти вредности без оглед дали се основани од локалната власт или од некое претпријатие или приватни физички лица како што пишува тука, програмите се единствени и не можат да се поделат на јавни и посебни. Спротвини од јавното е приватното или нешто друго, не е ништо посебно. Посебното е спротивно од општото.

Ние сме поднеле амандмани со кои мислам дека ќе се елиминираат овие аспекти  и во текот на елеборацијата, затоа што немаме информации кои амандмани Министерството ќе ги прифати, има други елементи на пример составот на Советот, сме побарале да се дополни со други елементи кои се фактори во оваа смисла, во оваа процедура.

Исто така мислам дека членот 25 кој е во однос на издавањето на сертификати и водење евиденција во овие институции мислам дека треба да се дополни со прецизирање на кој јазик ќе се издаваат сертификатите или документите, на кој јазик ќе се води евиденцијата затоа што нема друг член кој се повикува на тоа дека за овој закон важат општите закони на образованието, за тоа сме поднеле амандман и се надевам дека ќе биде прифатен. Тој го подобрува законот. Има и други елементи како на пример јавно признати програми за образование на возрасни. Доколку програмите се верифицираат во институцијата која е определена за тоа и тој добива верификација од нив тој е веќе јавен и не може да биде јавно признат. Тука се говори за тоа дека секој сертификат кој се издава од регистрирана установа или институција која добила верификација за програмата секако дека има тежина на јавен документ со посебна вредност, реална вредност без оглед што тоа образование го има организирано некоја јавна организација или јавно претпријатие основано од локалната власт или некоја приватна институција. Доколку е верифицирана тие се со исти вредности затоа што еве имаме приватни и државни универзитети и дипломите од државните универзитети се јавно признати дипломи, а тие од приватните универзитети кои ги имаат истите програми да кажеме друг збор за нив.

Јас не знам која е идејата зошто е вака претставено во законот, но и логично не држи една ваква поделба за која  се обидовме преку амандмани да направиме потребна исправка и корекција за да се подобри текстот.

Тоа што ме тера да бидам скептичен и од искуството што го имам беше што се истакна тука. Фактот дека со овој закон во членот 49 така наречените работнички универзитети или народни универзитети кои ги има многу во Република Македонија или толку колку се на број што останале од минатото со сила на законот преминуваат во сопственост на општините и фактички ќе продолжат да бидат сопственост на општините.

Една ваква формулација е многу едноставна, но јас мислам дека тука ќе биде главниот проблем доколку овој концепт се заснова само на овие институции посебно во местата каде има такви институции. Многу е тешко да усогласиш интерес на оние кои делуваат во рамките на нивните здруженија на ниво на општини и општината да ги добие без никаква процедура или друг акт како пренос на имотот од страна на Владата и влегувањето или конфронтацијата на општините како идни сопственици на овие институции со овие институции мислам дека ќе се оневозможи реализација на овој план и ова ќе претставува еден од главните проблеми за имплементација на законот што се однесува до овој член.

Ценам дека Владата треба да направи дополнителни активности за имплементација на овој член, затоа што едноставно нема да биде лесно. Имаме искуство со пренос на сали и други објекти каде изниканаа многу проблеми за премин на надлежноста затоа што тие склучиле нови договори, организирале форми на здруженија кои имаат правна основа и тоа ќе биде проблем. Потребно е посебно внимание што се однесува на имплементацијата на членот 49.

Ценејќи го законот како потребен ние ќе чекаме од претставниците на Владата да се изјаснат, да реагираат и да видиме како ќе се инкорпорираат нашите амандмани кои во најдобра волја се поднесени за подобрување на законот истиот да

биде поефективен, а потоа секако ќе заземеме став во однос на законот во целина.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има реплики од пријавените? (Нема)

Повелете господине Незири имате збор.

**Сафет Незири:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Слушајќи ги претходните колеги кои ги дадоа своите коментари, анализи, согледувања посебно од нивен стручен профил како што беше Тале Герамитчиоски како заменик министер за образование и Азис Положани како министер за образование во минатата Влада.

Согледувајќи ја суштината на овој Предлог закон мислам дека е закон кој треба да се донесе и освен што треба да се донесе треба да има измени и дополнувања во овој закон преку нашите предложени амандмани во насока на подобрување на квалитетот на овој закон.

Ова е закон кој ќе одговара на барањата на Европската унија за да ги внесе во состав сите закони кои навистина треба да бидат со предзнакот на Европската унија како квалитетен закон, а не да носиме закон колку да се донесе без оглед дали ќе може истиот да одговори на барањата и потребите на нашето население во Република Македонија во насока на образованието и преквалификацијата на еден слој од нашето население кое без своја вина во недостаток на политичкиот систем од минатото кои учеле и работеле спрема плановите и пргорамите уредени во тој период.

Мислам дека не е добар законот, но е од голема потреба, закон кој во својот концепт има многу теоретска, а малку практична примена. Зошто го велам ова? Треба да се отпочне кога ние сакаме еден слој од нашето население да се преквалификува и доквалификува ние треба да имаме развиено стопанство посебно во делот на тешката индустрија, технолошката индустрија. Ние во нашиот слој од општеството во Република Македонија, луѓето што имаат завршено средно образование и факултети повеќе одговараат на предметите или јазичните или уметничките насоки отколку на тие од кои има потреба Република Македонија. Но, системот го направи своето, транзицијата исто така, со што многу државни и јавни претпријатија од минатото сега се нефункционални или под стечај.

Од овде произлегуваат некои прашања и одговори, тука е заменикот министер и сите сме овде за да расправаме и дебатираме и да дадеме оценки во оваа насока. Како ќе ги квалификуваме нашите граѓани кога добро знаеме од минатиот систем каква политика имаше тогашната официјална политика во Република Македонија и поранешната федерација за образование на слоевите од немакедонските заедници. Има голем број кои немаат ни основно образование. Каков ќе биде третманот кон овие граѓани. Има голем број граѓани кои имаат завршено само основно образование, некој само средно - гимназија, медицинско, не продолжија со студии и останаа без стручна квалификација. Треба во оваа насока нашата официјална политика да оди.

Како ќе се уреди прашањето на пример на тие лица, на тие работници кои се под стечај? Каква ќе биде нивната позиција кои се над 45 или 50 годишна возраст. Во законот не е предвидено ова, не е утврдено со ниту еден член за нивната квалификација кои се ниту на земја ниту на небо. Ниту се пензионирани ниту во работен однос. Нормално работодавачот има потреба од нова работна сила и многу малку ќе им посвети внимание на тие што се над 40 годишна возраст. Нивната позиција државата треба да ја уреди, а после да го бара излезот на преквалификација и доквалификација на лица од кои има потреба државата како и приватните претпријатија во Република Македонија.

Имаме случаи, ние говориме за преквалификација и доквалификација. Добро знаете вие како Влада и ние како пратеници знаеме и граѓаните на Република Македонија го знаат тоа дека во разни претпријатија ви фирми се вработуваат лица граѓаните на Република Македонија го знаат тоа дека во разни претпријатија и фирми се вработуваат лица по три месеци, без никакво здравствено и пензиско осигурување и тие се отпуштаат од работа, а ние сега говориме за преквалификација и доквалификација, за што не сум против, но да ја видиме позицијата на тие работници кои се во работен однос и кои на три или на шест месеци ги вработуваат и ги отпуштаат од работа, без никакво право. Во тој правец треба да се посвети соодветно внимание на овој проблем.

Кога претходно кажав дека и е потребно на Република Македонија да донесе еден ваков закон, но фактот, односно вистината е поинаква. Имено во Македонија имаме многу малку тешка индустрија, на пример имаме многу малку индустрија за која има потреба од преквалификација и доквалификација на лица кои се во работен однос или на тие кои не се во работен однос. Се поставува прашањето, зошто на пример во еден закон не е предвидено до кога на пример возраста при преквалификацијата ќе дојде до израз и колку ќе има интерес работодавачот од тие работници кои се на 50 или 60 годишна возраст. Во оваа насока мислам дека законот има неколку теоретски, но малку практични елементи што имаат утврдени органи кои ќе го следат процесот на преквалификација на работниците, според потребата на државата и претпријатијата.

Ќе биде големо чудо, имаме лица кои имаат завршено факултети а кои не се во работен однос.. Сигурно и тие ќе подлегнат на разни преквалификации и доквалификации за да му одговорат на пазарот на трудот, за да обезбедат минимална егзистенција за да го издржат своето семејство. Тоа се прашања, господине замениче, кои се дискутабилни. Мислам дека требаше, без олед на овој закон кој има вкупно 51 член,

можеби требаше и можеше да се направи поквалитетен. Можеби овој закон требаше да оди во две фази, не да оди по итна постапка, туку да оди во две фази. Многу експерти од Владата, од образованието, работодавци, ќе седнеа и ќе ги дадеа своте согледубвања и абелешки, како овој закон може да бидде применлив, а не сега на пример ние да интервенираме со наши амандмани и да го подобругаме предложениот закон од страна на Влаата. Од друга страна гледано, ние имаме проблеми, господине заменик министер и вие добро знаете дека немаме доволен прозтор за внесување на редовните ученмици во училишните објекти. Почна процесот на прилагодување на касарните за зашите ученици. Ако тоа треба да се организира по донесувањето на овој закон, ќе се јават голем број на лица кои можеби ќе имаат потреба за преквалификација и доквалификација . Каде ќе ги внесеме ти елица, каде ќе рабоат тие?

Понатаму, друг проблем е во однос на локалната самоуправа, за објектите за преквалификација и доквалификација во руралните општини. Ние добро знаеме колкави се годишните приливи во општините што државата им ги дава. Тие можеби не можат да ги исплатат и своите редовни рабоници и платите на Советниците, а тука се предвидува општините да дадат средства за финансирање на овие работи.

Понатаму, во членот 27 вели " до колку работникот е во работен однос тој има потреба од преквалификација,", додека овде се предвидува да нема повеќе од 4 дена годишно одмор. Овде на пример не е предвидено како ќе се одржат овие курсеви или наставниот процеџ при квалификацијата на работниците, дали ќе бидт во саботи, недели или во текот на работните денови. Ако работодавачот ја спречи неговата преквалификација, не му дозволи да оди, тогаш тој ќе го изгуби работното место. Јас тука не гледам неколку варијанти со кои на работникот би му се овозможило да оди на преквалификација а да не го изгуби правото на работа. Сите ние знаеме колку се џентлмени нашите работодавци, одвај чекаат работникот да задоцни 15 минути и да го отпуштат од работа, а камо ли да отсуствува со денови од работа.

Мислам дека законот во цеост е прифатлив и треба да се донесе, но има големи недоречености, земени се само глобалните точки за да се прилагодат на закните ма ЕУ и многу малку има есенцијални прашања, според потребата и средината во која живееме, според околностите, условите и односите во нашето општество, меѓу работодавците и работниците. Мислам дека требаше дефинитивно овој закон да оди во две фази, иако за мене има несериозен пристап кон овој закон. Можеби требаше да има посериозен пристап, бидејќи се работи за преквалификација и доквалификација, според пазарот на трудот и според потребата на стопанството во Република Македонија и временските трендови. Мислам дека овие забелешки се во правец на подобрување на овој ткст на закон и сигурно ќе ги имате предвид при амандманската расправа и мислам дека овој закон ќе се уреди така како што го бара времето. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Неждет, имате збор.

**Неждет Мустагфа:** Благодарам претседателе.

Би сакал да говорам за овој многу значаен Предлог-закон за образование на возрасните во кој почесто зборувавме за состојбата на образованието на ромската заедница и ова е вистинското место и вистинскиот Предлог-закон што сметам дека многу, многу ќе придонесе во подобрување на образовната структура на Ромската заедница во нашето општество.

Покрај статистичките податоци што ги изнесе пратеникот шабан Салиу, што покажува дека неписменоста на ромската заедница во Република Македонија е значително голема и загрижувачка. Ова е многу голема можност, потенцирам, многу голема можност и шанса ромската заедница да ја подобри својата образовна структура. Токму затоа сакав да кажам дека ќе дадам целосна поддршка на донесувањето на овој закон.

Би сакал да ја искористам можноста, да ја запознаам мојата зедница што практично тоа значи, особено тоа е детализирано во членот 18 каде се потенцира дека посебните програми за образование на возрасните се за описменување на населението, мајчин јазик и странски јазици, преквалификација, доквалификација, претприемаштво и менаџмент, информациско комуникациски технологии, креативно изразување и учество во културни и уметнички настани, зачувување и заштита на околината, посебните социјални вештини, активно граѓанство, основни познавања на науката и технологијата, други знаења и вештини и способности.

Лично семтам дека невладините организации ќе мора да направат една голема кампања во однос на овој закон за да се користат ресурсите на истиот. Токму во овој момент јас ќе се обидам пред се да ги пофалам вредностите на овој закон, а во исто време и да ја изразам мојата загриженост во однос на фактичката состојба, интересот односно грижата на Министерството за образование во подобрување на целокупната образовна структура на населението, токму таму каде што живее ромското население.

Точно е тоа дека во образложението на овој закон се аргументира дека со овој закон ќе се намали стапката на неписменост кај возрасните особено диспаритетот меѓу стапките на неписменост меѓу мажите и жените. Јас веднаш тоа ќе го аргументирам дека значително ќе се намали стапката на неписменост кај ромската заедница, однсоно кај мажите и жените. Понатаму, дека тоа е отвора можност за стекнување на знаење и вештини и вредности од страна на возрасните, кои се бараат за

подобрување на квалитетот на животот. Дефакто, до колку ја подобрат својата образовна структура, ќе го подобрат и својот квалитет на живеење односно тоа ќе значи зголемување на можноста за образовниот избор, избор на нивното вработување и борба за остварување на нивното образовно право односно вработување.

Почитуван заменик министер, јас во овој дел гледам една загриженост со тоа што сметам дека токму во однос на ова формално и неформално образование ќе придонесе да не ги направиме истите грешки што ги правиме сега во редовното образование на ромските деца, во основното, средното и високото образование и сметам дека токму и во овој закон би било добро да се користат истите принципи на позитивна дискриминација односно образование на Ромите, со инволвирањето на квотите во уписите на средните и високите образовни институции.

Не би сакал да добија впечаток дека ќе ги повториме истите грешки и во образованието на возрасните дека тука ќе им се даде уште поголема шанса на Ромите за подобрување на својот стандард, но не пасивно. Кога велам не пасивно, сметам во однос на Советот за образование на возрасните. Тоа вие го регулирате со членот 9 и 10. Сметам дека таму потенциравте дека, субјектите кои ги наведовте, кои ќе бидат 13-те члена на овој Совет, дека при именувањето на членовите на Советот ќе се примени и начелото на соовветна и правична застапеност на заедниците во Република Македонија. Јас искрено верувам дека тука несомнително нема да ги заборавите Ромите односно ромскиот потенцијален кадар каде ќе зафатат директно место во афирмирање на образованието за возрасни на ромската заедница. Мислам дека тоа ќе ни бид, почитуван замениче, од голема можност, бидејќи до сега имавме пракса, се она што се случува со законите, Ромите да бидат само набљудувачи на законите во нивна имплементација. Сега имате можност, тоа е и еден европски критериум и тоа е многу добар знак и во однос на Стратегијата која е ваша надлежност, Стратегијата на Ромите и Декадата на Ромите. Значи во Советот на Ромите за образование, уверен сум дека ќе има и еден член од ромската заедица.

Понатаму, во однос на членот 26, се наведува дека учесник во образованието на возрасните може да биде секое лице со навршени 15 години, а во член 27 се регулираат правата и обврските на учесниците.

Имам впечаток дека ќе се срекаваме со истите проблеми. Имено, ако родителите немаат можност да ги образуваат своите деца роми да го довршат задолжителното основно образование и со тоа да се здобијат со средно и високо образование, дефакто доаѓа истиот продукт дека истите тие родители кои немаат можност да ги образуваат своите деца, како ќе имаат можност да се образуваат самите себе си. Значи имаме еден проблем кој тука Министерството за образование исклучително ќе мора да воведе дополнителни мерки, како оваа шанса за дополнително образование на возрасните, ромската заедница може да ја користи. Или, повторно и во овој Предлог-закон, со неговото донесување, Ромите ќе бидат со една пуста желба набљудувачи за едно дополнително свое образование кое, да кажам од истите причини што не го довршуваат нивните деца образованието поради сиромаштијата, да им се пружи сега во возрасни години, ако имаат желба да го довршат своето образование. Тоа е огромна шнаса за ромската заедница. Но, јас тука повторно се гледам во еден многу сериозен проблем, како овој образовен инструмент ромската заедница ќе може да го имплементира односно да го користи како средство за дополнително свое сопствено образование.

Јас господине заменик министер, читајќи го законот, не видов нешто што може да ме убеди дека по некој принцип на позитивна дискриминација, Министерството за образование или пак во некој подзаконски акт вие ќе се потрудите тоа да го реализирате, да се отворат можности преку Декадата односно Стратегијата на Ромите, она што се нуди преку нив за редовното образование, да можеме тоа да го понудиме и за образованието на возрасните. Мислам дека тука ќе направиме голем чекор и мислам дека тука дефинитивно на ромската заедница, во однос на образованието, ќе можеме да го решиме проблемот на нивното недооформено образование односно значително ќе ја смалиме највисоката стапка на необразованост. Тоа мене ме загрижува, како јас од ромски аспект го гледам овој закон да го користи ромската заедница, или пак повторно ќе ја доведеме ромската заедница и Ромите да го гледаат тоа како една пуста желба и од истите причини да останат во една иста таква положба, необразовани. Ве молам тоа да го земете како една сериозна грижа во однос на подзаконски акти, Деловник и тн., како ние ќе можеме да го решаваме односно имплементираме овој европски закон во однос на ромската заедница, поуспешно да се користи, бидејќи бројките и проценките што ги искажа пратеникот Шабан Салиу се загрижувачки. Ние веќе 10 години говориме гласно и невладините ромски организации и ние тука во Собранието, има и анализи за лошата образовна состојба на ромската заедница. Но до колку со овој закон не им нудиме отворена финансиска можност, мотивација како тие да го користат ова образование, повторно велам ќе остане во овие рамки со празни раце и со празен ум во ромската заедница, ќе остане празна желба.

Понатаму, тргнувајќи од овој аспект, мислам дека ќе се сретнеме и со еден следен практичен проблем, тоа што малку го зачна и почитуваниот колега Азис Положани, дека најголема концентрација во имплементација на овој закон ќе остане во грижа на локалната самоуправа. Како пример, со мнозинство ромско население, локалната самоуправа Шуто Оризари, би било

добро Министерството за образование, односно Владата на Рпублика Македонија од идната година да одобри дополнителни средства за локалната самоуправа, како еден лек специјалис како ние да помогнеме во елиминирање на неписменоста на ромската заедница, токму таму каде што живее мнозинското ромско население. Ве молам тоа да го забележите како една можност, Владата на Република Македонија да даде дополнителни средства во однос на афирмирањето на образованието на возрасните. Тоа ќе биде една добра можност барем бо обезбедување на дополнителното основно образование за возрасни. Тоа е во моментот како една идеја. Јас сум уверен дека политичките ромски организации доста добро тоа ќе го изанализираат и ќе излезат со готов предлог како би можело овој закон да биде во интерес на ромската заедница.

Во однос на членот 34 во кој се кажува дека Владата на Република Македонија ќе основа центар за образование на возрасните. Во центарот ќе се усогласуваат и интегрираат јавните интереси и интересите на социјалите партнери во образованието на возрасните во Република Македонија.

Со една иста тежина, ова е за сериозно поздравување на Владата на Република Македонија, која што има сериозен слух за потребите токму на оваа национална група и тоа треба да се поздрави. Но, во секој случај и тука со овој член 34 каде што вели дека Владата на Република Македонија ќе останова центар за образование на возрасните. Како ќе го привлечемне вниманието на ромската заедница за да ги користи овие институции. Знаејќи ја генералната состојба, ние таа проблематика ја имаме со нивните деца. Ако ни сопствените деца не можат да ги дооучат, како ќе се доучат самите себе. Ве молам, оваа транспарентност да биде прифатлива со една отворена грижа. со една отворена рана. Ние ништо не би правеле, доколку овој закон го носиме за одредени заедници, како што веќе ни е познато во Република Македонија дека одделни заедници ги имаат економските можности, нивните деца се образуваат и имаат квалитетно образование, а еве и можност и за нивните родители да го дооформат своето образование. Ние повторно остануваме на маргините на образовниот систем во Република Македонија. Доколку така продолжи овој закон да ја имплементира својата тежина на своите членови, јас верувајте ми мојата заедница, ромската заедница ќе останеме разочарени и од овој закон, како од многуте други закони кои што се во Македонија, каде што нема директна можност ромската заедница да го земе тоа во свој интерес.

Добро е тоа што во членот 38 во Управниот одбор, покрај наведените дека исто така ќе земат учество и заедниците по принципот на правична застапеност на заедниците. Тоа е нешто што мислам дека може да се изгураат овие отворени рани и дека овој закон може да го изгура до потребите на сите граѓани на Република Македонија односно и до Ромската заедница.

Почитуван заменик министре, јас ќе останам во оваа наша дебата по овој закон, но мислам оваа дебата ќе остане во едно отворено сеќавање и ќе се потсетиме, доколку со имплементацијата на овој закон ромската заедница остане разочарана односно не ќе може да ја исполни целта и тежината на овој закон. Јас ви благодарам на вашето трпение, а исто и вам почитуван претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Можеби не се чини дека овој закон е нешто важен за Република Македонија и за идниот развој на државата, но јас лично ценам, заради тоа што повеќе од 16 години поминав во една институција која што се занимаваше со образование на возрасни, а која што во исто време сепак се наоѓаше на маргините на државата, со тоа што непостоеше апсолутно никаква грижа во периодот на трансформација на севкупното општество од еден во друг систем, што значи непостоеше воопшто грижа за образованието на возрасните и посебно, како што спомна и господинот Неждет Мустафа за оние луѓе кои немаат завршено ни основно образование, а камо ли пак да имаат добиено некаква преквалификација, доквалификација, за да може да стасаат до било какво вработување.

Токму од овие причини сметам дека не е на одмет да се каже колкава е важноста конечно на влегување во процедура и носење на еден закон за образование на возрасни. Се согласувам дека ова не е закон кој што е најдобар, кој што е разгледан од сите аспекти, кој што може да придонесе многу за развојот на образованието на возрасните во Република Македонија, да даде нешто што и потребно во овој момент на оваа земја, за да може многу позабрзано да зачекмориме онаму каде што сакаме. Меѓутоа, најважното од се е да подготвиме флексибилна работна сила, која што во секој момент ќе може да одговори на потребите на пазарот на трудот. Тоа е всушност и тежината и значењето на институциите кои што треба да се занимаваат со образование на возрасни.

Овде морам да потенцирам дека Република Македонија не треба да прави многу експерименти. Имавме во минатото институции кои што многу добро ја завршија својата работа. Можеби не сите, меѓутоа, има институции кои се пример како треба да се работи со образованието на возрасните во една земја. Токму од тие причини, заради тоа што во изминатиот период не постоеше апсолутно никаква грижа на државата за оваа сфера, а за сферата на образованието на возрасни, така наречено неформално и континуирано образование, постоеше целосна поткрепа и целосна заштита во изминатите повеќе од десет

години од Меѓународниот институт на Сојузот на народните универзитети на Германија. Бидејќи, тие увидоа дека во оваа Република Македонија, земја која што е во транзиција од еден во друг систем, има еден прекрасен систем на образование на возрасни, тие тоа го препознаа и цело време даваа силна поддршка за опстојување на тие институции. Во моменти кога сите министерства досегашни беа глуви, за тоа што претставуваат тие институции, дури бевме подложени на потсмев дека едноставно таму ништо не се работи, меѓутоа тие знаеја да помогнат и за издавање на прирачници, на учебници, за разни видови на занимања, бидејќи видоа дека од работничките унвиерзитети излегува кадар кој не само што не е способен да се снајде на пазарот на трудот овде во Република Македонија, туку да му бидат признати дипломите, сертификатите, уверенијата, секакви видови називи од секој работнички универзитет, заради тоа што не беше тоа унифицирано, ги носеа ваквите документи, но знаењето кое што го добиваа, тие го ценеа.

Морам да ви кажам дека оние кои завршуваа курсеви за болничари, за заварувачи и за многу други занаети, најдоа работа во земјите членки на Европската унија, во Швајцарија иако не е земја членка на Европската унија, во Америка, побрзо отколку со дипломите кои ги добиваа од Универзитетот Св. Кирил и Методиј. Тоа е вистина. Со диплома од завршен курс за болничари добиваа работа било каде да одат во земјите на Европската унија, заради тоа што веднаш програмата ја приложуваа и веднаш беа подложени на проверка и нивното знаење одговараше на сертификатот односно документот кој што беше издаван. Значи, заради тоа ја добивме поддршката, сега зборувам како бивши вработен и директор скоро 10 години во работничкиот универзитет во Струмица, ја добивме поддршката да имаме прекрасна опрема, значи поддршка дадена од страна на една земја членка на Европската унија, а тоа е Германија. Истото тоа го напрвија и многу други земји кога видоа дека во овие институции постои нешто што е вредно за поддршка. Јас се радувам дека конечно успеавме после 15-16 години плачење да добиеме и една законска рамка да имаме закон за образование на возрасните. Тоа ќе значи многу, ќе значи поттик на ваквите институции да работат и понатаму. Меѓутоа, не смееме да направиме грешка. Не смееме да го згазиме она што е добро во државата. Не смееме да градиме нови концепти, без да знаеме што имаме во државата вредно. Бидејќи, како што беше спомнато во сите претходни министерства едноставно не знаеја што се случува во ваквите институции. Едноставно не ги интересираше, а овие исntитуции успеа да се трансформираат да работат на само финансирање и со парите кои што ги собираат без никаква поткрепа од никого и технички да се опремат и да направат програми и во исто време да опстојат на пазарот на работната сила. Тоа значи дека успеале да бидат институции кои што заслучуваат да живеат во едно пазарно стопанство.

Само за споредба ќе ви кажам дека во Сојузна Република Германија скоро во секое село има вакви институции. Тие се викаат народни универзитети. Не работнички народни универзитети како кај нас, меѓутоа народни унвиерзитети. Ваквите универзитети се поддржани од една страна од сојузните даноци се дел дел, сега не се сеќавам колку проценти беше, меѓутоа, државата дели за поттикнување на образованието на возрасните и за континуираната обука од сојузниот буџет, од регионалниот буџет и од општинскиот буџет. Многу мал дел е тој кој што го плаќаат партиципиентите, оние кои одат континуирано на ваквите курсеви или обуки, дообуки, специјализации кои ги организираат ваквите народни универзитети.

Ваквиот концепт беше заговаран и во Република Македонија, за да може само да се дозволи уште повеќе да заживее образованието на возрасните кои го чуваа и единствнеи пионери во овој цел период самите се изборија да опстојат, тоа беа работничките универзитети.

Затоа, со овој закон очекувам јавни институции јасно да бидат дефинирани кои се тие јавни институции. Кога ќе биде кажано кои се тие јавни институции, не само Центарот за образование на возрасните на национално ниво, меѓутоа треба и на локално ниво да се знае кои се тие институции што ги исполнуваат критериумите, стандардите кои што се потребни за да го носат називот јавни институции, за кои што државата ќе води сметка тие институции да не се остават на локално ниво. Во овој момент постои нешто што е ужас за флексибилноста на работната сила, а тоа е гаснењето на ваквите институции. Жално е да се остават најпримамливите објекти во градовите, сега, зборувам за најголемите градови, бидејќи знаете дека работничките унвиерзитети се во центрите на големите градови и со само финансирање со години наназад, двоејќи од сопствената уста, добивајќи пари од донации заради нивната континуирана заложба да направат нешто добро, тие ги опремија своите институции и тоа се едни вистински институции подобро опремени, отколку основните и средните училишта. И, сега тие се примамливи објекти на локалната самоуправа и на локалните моќници да бидат уништени и овие објекти да бидат трансформирани во нешто што најмалку ќе и користи на државата и најмалку ќе му користи на образованието на возрасните. Ги имаме примерите во многу градови, веќе згаснаа повеќе вакви работнички универзитети, заради тоа што некои очите им останаа во вакви прекрасни објекти. Овде се кажува дека овие објекти ќе се дадат на општините и на тој начин се ќе биде добро. Не се согласувам. Треба да се направи една експертиза од страна на Министерството за образование и наука за да види колку пари овие институции од само финансирање имаат дадено за доградби, реконструкција, ставање на покриви,

одржување на тие објекти, скоро во сите работнички универзитети постои документација која што ќе ви покаже дека многу повеќе пари се дадени, отколку за градењето на ваквите институции. Ако не беа овие вработени и тие луѓе и ако не се грижеа домаќински да ги чуваат овие институции, сега ќе имаше рушевини, ништо повеќе. Значи, немаше да има објекти кои што ќе се пренесат на локалната самоуправа.

Затоа сметам дека овие објекти треба да останат под државата. Државата треба да води сметка за целокупниот образовен систем во земјата и за образованието на возрасните и да дава поддршка на вакви институции, бидејќи тие опстанаа без никаква поддршка од страна на државата, дури и со надминување на постојните, работејќи на тоа да и докажуваат на државата дека се потребни тие да опстојат, барајќи закон, баајќи да им се остави просторот, борејќи се со локалните моќници. Значи, конечно ова треба да престане. Да се ослободат овие институции од овие стеги и оние кои заслужуваат и оние кои ги исполнуваат критериумите кои се бараат со законот да им се овозможи да продолжат да работат. Значи, тоа е едното прашање околу објектите.

Второ прашање е пак како ќе направиме да се унифицираат сите програми кои што се важни, а тоа е интенција на работничките универзитети и на Сојузот на Народните универзитети на Германија, многу години наназад и се започна еден процес кој што одеше заедно со сите институции за образование на возрасни од Европската унија, да се усогласат програмите за да можат нашите луѓе граѓани кои ќе завршат некое занимање и ќе добијат сертификат, тој сертификат дасли ќе биде диплома, уверение, тоа треба да биде унифицирано согласно програмата што е тоа што ќе се дава, тоа ќе го прави најверојатно Центарот за образование на возрасните, кој што ќе се грижи за програмите и за се, но најважно од се е номенклатурата на занимања и врз основа на неа да можеме да добиеме уверенија и сертификати кои што ќе се издаваат дипломи кои што ќе важат не само на територијата на Република Македонија, туку кои што ќе бидкат усогалсени со образованието на возрасните насекаде во земјите членки на Европската унија. На тој начин ќе имаме мобилност на работната сила не само на територијата на Република Македонија, туку и на теријторијата на Европа, која што цениме дек еден ден и ние ќе бидеме дел од неа. Можеби сето она што беше истакнато од колегите, не можеби, туку сериозно заслужува внимание од страна на Министерството за образование, мора да се утврди јасен, контролен механизам и на квалитетот на наставата, бидејќи не во секоја институција спроведуваат програмите онака како што треба и мора да се води сметка кој е тој што ќе ја врши ваквата контрола, кои ќе бидат санкциите кои што ќе ги сноси одредена институција, на коклу време тоа ќе се прави, одземањето на лиценцата што ќе ја добијат ваквите институции, сето тоа е добро да почнеме да разговараме за еден ваков сериозен проблем. Многу е добро тоа што овој закон за образование на возрасни треба да го гледаме не само како обврска кон Европската унија и усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската унија, туку неминовна потреба за самите нас и наши граѓани и за мобилноста на работната сила во Република Македонија.

И уште нешто сакам да истакнам, а тоа е дека конечново Република Македонија мораме да воспоставиме еден систем на поврзаност помеѓу Агенциите за вработување и ваквите институции за образование на возрасни. Како што е во Германија, како што е во другите земји и кога ќе одлучи некој граѓанин да оди во институција за образование на возрасни и да се доквалификува, преквалификува или да стекне некое знаење со кое што тој може да конкурира на пазарот на работна сила, тоа да биде со претходна координација на Агенцијата за вработување. Тие треба да кажат однапред 6 месеци да знаат каде може да се отвори потреба од ваков вид на работна сила. Да не биде за џабе трошењето на средства и сопствени и на државата кај граѓаните да одат да се обучуваат за нешто и повтроно да бидат без работа. Значи, да не ни се случува тоа, флексибилноста на пазарот на работната сила ќе го следат ваквите институции, бидејќи тие се покажаа дека можат да прават најфлексибилни програми, најбрзо да одговараат на потребите на локалните бизниси, но најважното од се е да се пренасочуваат и тука да учествуваат и психолози кои ќе оценат дали некој од овие граѓани кои се заинтересирани за одредено занимање да учат,дали тие се способни пред се да го издржат товарот да бидат после завршувањето на обуката и сериозно да се вклучат во процесот на производството или работењето. Дали ќе успеат да го понесат товарот кој што го носи соодветното образование или преквалификација која што му е дадена. Тоа во високо развиените земји го прават центрите за вработувње, кои што компјутгерски се поврзани со работничките универзитети и заеднички го прават изборот на луѓето и ѓи пренасочуваат не само каде јас сакам, туку и каде има потреба треба да ми укажат и каде сум способна да одговорам на обврските кои што во иднина ме чекаат. Конечно, тоа треба да го направиме во Република Македонија. Повторно ќе кажам се радувам што конечно во државата почнвме и имаме еден закон за образование на возрасни, можеби не е совршен, ќе го градиме сите заедно, меѓутоа мораме да имаме рамка. Единствено нешто што не треба да направиме, тоа да го згазиме она што е добро, морам да кажам еве, иако бев на крај, сега го видов колегата Неждет Мустафа, мора да кажам дека нешто што беше прекрасно, а што волонтерски и бес пари го правеа повеќе работнички универзитети, тоа беше основното образование за возрасни, за кое што Министерството за образование не даваше пари. Меѓутоа, се снаоѓавме, со тоа што вишокот на

вработени во основното образование ги користевме да држат часови по работничките универзитети и без дополнителни трошоци само за огрев и други работи, како што е фотокопии на учебници, бидејќи оваа сруктура на граѓани е сиромашна и не може да набави учебници, тоа го правевме на трошок на работничките универзитети, се со една цел да го зголемиме процентот на граѓани кои што ќе имаат основно образование, а во рамките на тие програми мора да биде предвидено да имаат и преквалификација и доквалификација, кога ќе ја земе дипломата за основно образование, имавме вакви програми, во исто време да добие и некој занает, да може да конкурира на пазарот на работна сила, бидејќи само со основното образование ништо нема да направи.

Значи, ваквите програми треба да бидат комплексни и да дадат еден минимум степен на образование да направи овие луѓе да можат да се снајдат на пазарот на работна сила.

Уште еднаш благодарност и до Министерството и до колегите и се надевам дека амандманите кои што ќе значат подобрување на законскиот текст сите заедно ќе ги прифатиме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Фадил Сулејмани, повелете.

**Фадил Сулејмани:** Почитуван господине претседател, почитувани пратеници и пратенички, почитуван заменик министер,

Образованието, науката, културата, воспитанието се свети работи за народот и имаат егзистенцијално значење за развој на човекот, на човечкото општество на сите животни аспекти. Денес во време на толку големи развои на културата, во науката, развои кои што се на највисоко ниво во науката, во техниката, образованаието и воспитанието, образованието стана задолжителна храна, неопходна храна без која што не може да се замисли животот. Образованието е поважно и од воздухот, водата и храната. И кога се работи за овие свети работи за народот за образованието и воспитанието не траба воошто да дискутираме дотолку повеќе да претставуваме и пречка затоа што иако потешкотиите се присутни во секоја работа, меѓутоа треба да се прифатат и признаат. И народот вели дека училиштето, образованието се најдобриот лек за лекување на сите зла на еден народ на едно човечко општество.

Македонија е мала земја, земја дискриминирана во минатото со голем број на неписмени луѓе, аналфабети и имала потреба има и ќе има потреба од образување дополнително како што се предвидува и во овој Предлог закон за образованието за возрасните. Веднаш после војната, јас знам затоа што во Тетово се отворија училишта, вечерни курсеви за возрасните за да го довршат основното образование и ова траеше две години. Тие луѓе кои што доаѓаа од далечните места како што се планинските села под Шара од разните села кои што немаа можност да го завршат основното образование им се даде оваа можност по пат на работнички универзитети во форма на вечерни курсеви тие да добијат основно образование во скратена форма со двегодишни курсеви. Тие на крајот добиваа диплома дека завршиле основно образование и ова им помогна на многу лица, потоа да продолжат со средно образование или пак по пат на приемни испити директно да се запишат во некое високо училиште или пак факултети. Јас познавам десетици мои колеги луѓе кои што потоа завршија факултети и денес се значајни општествени личности, правници, економисти, професори, педагози и друго. Значи денес имаме потреба од вакво образование било да е во форма на курс, вечерен, или во други форми на стекнување на знаење било да е тоа за основното или за средното образование кое што ќе биде во интерес на целото наше општество на граѓаните на нашата земја. Во тоа време кога се создаваа услови поволни задоволителни услови за една нормална работа денес за разлика имаме повеќе такви услови, на пример имаме многу училишни објекти затоа што тие се организриаат во текот на вечерите во објектите на основните училишта, меѓутоа денес имаме објекти и имаме сали за организирање на овој наставен процес има повеќе професионални кадри, има литература и кога се имаат предвид овие услови тогаш нема да недостасува и квалитетот.

На крајот на краиштата нам ни фали еден начин на дополнително образование, значи подобро е некој да се образува, да го заврши овој вид на образование отколку да остане воопшто без образование. Затоа што сега се затворени овие форми на образование и истите треба да се активираат повторно со нивната работа. И кога ќе завршиме некој вид на образование ќе се остручиме, тогаш ќе се отворат повеќе хоризонти на пронаоѓање на работа во разните професии кои што бараат вакво квалификување и со образовани луѓе, воспитани, професионализирани луѓе полесно ќе не прими и Европа и Америка. Можеме многу полесно да се интегрираме во економските, образовните, научните текови во светот отколку да бидеме без образование, да не говориме од друга страна дека со образувани луѓе подобро ќе се разбереме, општеството ќе има помалку проблеми, затворите ќе бидат со помалку затвореници, итн. Значи, образованието, училиштето, воспитанието се повеќе од потребни.

Исто така, не го гледам како проблем или како голема пречка и финансиското овозможување. Ќе се најдат финансиски средства било да се тоа од општините, од разните проекти, од странските фондации и странски помошти кои што тие ги даваат за финансирање и образование. Работата траба да се почне, без да се почне не може да се заврши.

Затоа, еден ваков закон ќе овозможи образување на сите наши граѓани. И доколку ние сакаме да го спречиме тоа или доколку некој друг сака да ја

спречи оваа света работа како што се гледа тој ќе изнајде начин и за да ја спречи. Меѓутоа доколку сакаме да се прифатиме за оваа работа тогаш треба да ги изнајдеме начините и да го усвоиме овој закон, да го ставиме во практика, да го спроведуваме, на крајот на краиштата треба да бидеме свесни дека со помош на овие форми на образување на нашите граѓани ние нема да го решиме проблемот на образование и воспитание во целост во Македонија, меѓутоа ќе помогнеме како дополнителна форма во оваа насока и јас го подржувам овој Предлог закон кој што е толку значаен за напредокот на нашето општество во Македонија за образованието на сите наши граѓани без разлика на верата, полот, општествениот слој и во училиштето не треба да има такви пречки со кои што многу лица би прејудицирале кога би била возраста, дали работодавецот ќе го прими, дали ќе го отпушти од работа, затоа што ова не се прави за еден човек, за десетици туку дава можност за образование на сите граѓани кои што се заинтересирани и имаат потреба од образование и еманципација. Посебно кога се работи на еманципација на нашата жена, затоа што имаме многу необразувани жени со недостаток на основно образование, средно образование и имаме потреба од еманципација и напредок на женскиот пол во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Матоши имате збор.

**Руждi Матоши:** Благодарам господине претседателе.

Го поздравувам претставникот на Владата.

Јас ќе бидам краток во моето излагање, нема да должам, ќе ги кажам причините дека ДПА го подржува овој закон кој е од големо значење и од развоен карактер. Значи, тоа се две димензии кои сум ги подвлекол.

Првата димензија е, ДПА го подржува овој закон затоа што ние како албанско население во Македонија имавме во одредени временски периоди стагнација во однос на образованието. Вие сите знаете дека на албанското население во Македонија и недостасуваше Универзитет и на овој начин овој почеток на нашето образование почна во 1994, што значи дека на оваа линија имаме поспор развој и сите албанци во Македонија се потрудија ова да го надополнат или образованието да го завршат во поранешните универзитети во Југославија. Додека на универзитетот “Св. Кирил и Методиј” имавме неколку гранки кои беа многу политизирани, контролирани и преоптоварени и ние како албанци не сме имале можности да се развиваме во високото образование. Додека во однос на средното образование исто така албанското население имаше стагнација соодветна стагнација и сите они кои завршија основно образование не може да продолжат со средно образование. Значи, процентуално ова беше под 50%, некаде 35%, 38% на тие кои завршиле основно образование и имаа можност да продолжат со средното образование, а другите останале без средно образование. Значи се работи за голем квантум на лица кои имаат недостаток на образование или едукација во разни области на нашето стопанство или на економските линии кои луѓето треба да ги исполнат или поседуваат. Овој закон истовремено ќе помогне и за соодветната застапеност ако имаме едно образование и практична примена на овој закон во многу институции ќе имаме можности и пристап на албанците и ќе се создаде една позитивна можност во однос на правичната и соодветна застапеност.

Втората област зошто го подржуваме овој закон е тоа дека се задолжува локалната самоуправа да биде поатрактивна и поразвојна и да сноси одговорност во оваа насока. Се разбира локалната самоуправа со децентрализација на централаната кон локалната треба да биде поразвојна и поапликативна во средината каде се спроведува. Затоа со ова се создава можност локалната самоуправа да биде поблиску развојот на средината на стопанството, развојот на разни сектори на стопанството и на овој начин да подготви програми и методи дополнителни за едукацијата и образование на возрасните и да се прилагодат на пазарното стопанство во тоа место каде што живеат овие граѓани. Значи, еден позитивен пристап за локалната самоуправа во иднина треба да сноси одговорност во оваа насока. Уште еднаш ја давам подршката на ДПА кон овој закон кој е од големо значење за граѓаните на Република Македонија посебно за нас и исполнуваме уште една голема празнина да во иднина овој закон ќе се спроведе со европски стандарди кој закон ќе биде во прилог и полза на сите граѓани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Лалчевска повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине претседателе.

Колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Би сакала многу кратко да истакнам, прво својата подршка од потребата за донесување на закон за образование на возрасните иако ние сме имале образование на возрасните во вакви или онакви форми, меѓутоа законската рамка очигледно е потребна за едно поунифицирано и постандардизирано образование на возрасните и секако понапредно соодветно потребите на пазарот на трудот.

Жалам што не се одлучи предлагачот за две фази на донесување на овој закон бидејќи расправата секако ќе го подобреше во многу текстот на законот, има многу амандмани, се надевам дека она што е суштинско ќе биде прифатено со цел за подобрување на текстот на законот.

Би сакала да истакнам една моја основна забелешка на законот, имено во Предлогот на

законот е предвидена соработка и со Министерството за труд и социјална политика и точно се прецизирани во кој дел ќе се соработува со ова ресорно Министерство бидејќи образованието и потребите на пазарот на трудот се нераскинливи и сосема е логично и потребно да соработуваат овие две ресорни министерства. Во членот 8 е предвидено дека надлежното Министерство за труд и социјална политика ќе учествува во спроведување на општата државна политика во областа на образование на возрасните и ќе ги согледува потребите за преквалификации, доквалификации на кадри и ќе дава свое мислење за преквалификации и доквалификации до Советот со цел тие потреби да се вградат во годишните планови и програми за развој на образованието.

Меѓутоа, јас не знам колку Министерството за образование и наука е запознаено со последните измени на Законот за ПИОМ каде се воведе наместо преквалификација и доквалификација професионална рехабилитација и јас мислам дека во овој сегмент треба да се соработува во Министерството за труд и социјална политика и да се види кои се можностите за соработка на планот за професионална рехабилитација. Всушност тука се работи за работници кои имаат свое формално образование, кои имаат работа, меѓутоа поради намалена работна способност мора да се преквалификуваат односно професионално да се рехабилитираат за да можат со полно работно време да обавуваат друга работа, бидејќи за онаа работа која ја обавуваат имаат недостаток на работна способност односно тоа работно место не ќе можат понатаму да го обавуваат и затоа Законот за ПИОМ воведе нова категорија и токму оваа професионална рехабилитација за обавување на други работи за кои ќе покажат способност треба да се вклучат центрира на образование на возрасни и да се изгради линк за да можат овие работници да бидат дообразувани, оспособени со техники и сподобности за да можат да добијат друго работно место односно да обавуваат друга работа.

Предлагам на ресорното Министерство во овој сегмент да ги разгледа потребите, да ги разгледа инструментите, механизмите и се што е потребно за да се вклучи и во овој дел на професионалната рехабилитација.

Тоа е една од забелешките која сакав да ја истакнам.

Другата забелешка е учеството на директорот на центарот без право на глас во Советот за образование. Колку е потребно јас не знам, меѓутоа од составот на Советот се гледа дека Советот има член од центарот за стручно образование и обука и не знам колку е соодветно во тој Совет да учествува и директорот на центарот без право на глас, бидејќи директорот најчесто е менаџер, а за учество во овој Совет е потребно некој кој е вклучен директно во образованието.

Мислам дека оваа одредба треба да ја преиспитати и да видите дали е неопходно само неговото учество без право на глас.

Воглавно тоа би биле моите две забелешки што сакав да ги дадам по текстот на законот и уште да истакнам поддршка на она што го кажа нашиот ценет колега Неждет Мустафа, за потреба од развивање на една поцелисходна стратегија и програма за вклучување на ромското население во процесот на образование на возрасни, бидејќи нивото на образование на оваа етничка заедница е навистина на многу незавидно ниво. Токму поради таквото ниво на недоволна образованост или необразованост на ова заедница, тие не можат да бидат конкурентни на пазарот на трудот и многу тешко можат да најдат вработување. Токму ние имаме Декада на Ромите и тн., нашата држава се вклучила да помогне за подигање на нивото на оваа заедница и мислам дека е потребно, токму и овде кај образованието на возрасни, да се изгрди некаква посебна стратегија и државата да учествува повеќе во вклучување на ромската заедница преку Декадата на Ромите во помасовно вклучување на ромската заедница, со единствена цел да се дообразуваат или да го одигнат нивото на своето образование, како би можеле полесно да се понудат на пазарот на трудот, а со тоа во многу ќе си го подобрат своето живеење, односно ќе си го подобрат својот статус. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓа Ташева, имате збор.

**Виолета Ташева:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван заменик министер за образование.

Јас само накратко сакам да го кажам моето видување по однос на овој закон и зошто ќе гласам. Ќе гласам за овој закон бидејќи мислам дека е особено важен и да истакнам кои се моментите што очекувам дека ќе постигнат особен развој и ќе го подигнат образовното ниво на населението во Република Македонија.

Законот претставува прв закон со кој се регулира образование на возрасни односно структура на население во Република Македонија, што е многу битно, бидејќи го гради јадрото на активно работно население кое, за да биде конкурентно на пазарот на трудот, секогаш треба да ја има предвид максимата дека човекот учи се додека е жив. Токму со овој закон се овозможува истото и мислам дека е особео важно што образованиео како важен импунт во градењето на човекотиов капитал, за подигање на неговата конкурентност на пазарот на трудот, во потесна смисла на зборот тоа значи во рамките на државата и во поширока смисла на зборот тоа значи во регионот и во светот, сеогаш мора да се држи еден развоен ток во кој образованието ќе се надополнува со различни сознанија, вештини, со различни знаења кои ќе се користат за да може активно да се вклучат во работни процеси, било каде, каде што ќе изрази желба индивидуата за

да ги оствари своите животни потреби за развој и егзистенција.

Она што е особено важно за нас е подигањето на образвоното ниво на населението во Република Македонија, ако се има предвид дека близу 50% од населението е со многу ниско образовно ниво, основно, или недооформено основно обрзование и средно образование.

Со овој закон се овозможува една мобилност во образованието каде населението кое конкурира како активна работна сила да може да се усовршува, согласно развојот, технички и технолошки. Тоа значи дека ќе се подигне и неговата конкурентност на пазарот на трудот и полесен пристап до вработување или самовработување.

Овој закон, особено е добар, бидејќи во него освен што надлежноста се дефинира, се дефинира и институционалната поддршка, се дефинира и финансискиот дел односно финансиската поддршка, која ценам дека е особено важна за категоријата невработени луѓе, бидејќи тоа е една од пречките, или тоа беше една од бариерите што неврботените многу тешко моежа да си дозволат свое образовно усовршување, бидејќи до сега постоечките форми на доусовршување подразбираа самофинансирање во овој дел. На овој начин со партиципација на државата, во делот на финансирање на образованието на возрасните, особено во делот на доформување на формалното нивно образование е мошне важен елеменет, бидејќи им се дава можност на граѓаните на Република Македонија да го дооформат своето образование на поедноставен начин.

Поради овие две причини ценам дека е особено важно сите колеги пратеници да го поддржат овој закон. Свесна сум дека во него има и моменти кои треба понатаму да се дообработуваат или доусовршуваат, да се направи, сигурно, усогласување меѓу Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, каде што, оние национални класификации на занимања би се усогласиле, согласно меѓународните, што тоа е веќе случај и се практикува во Агенцијата за вработување односно во Министерството за труд и социјална политика. Тоа е би кажала, еден добар, позитивен момент и би го истакнала како развоен момент што го користи или го практицира Агенцијата за вработување, преку имплементирање на меѓународниот ИСКО 88 стандард за евиденција или класификација на занимања, во кој освен формалното образование стекнато во системот на образование во Република Македонија е дадена можност и неформалното образовнием, кое е и меѓународно стекнато, да биде признаено и евидентирано во нивниот картон каде се водат ако невработени лица, а со тоа постои можност да се има увид во нивните вештини, знаења и способности стекнати не само на форамлен начин туку и на неформален начин, преку неформалното образование кое овде во овој закон е вградено. Тоа е една позитивна работа која верувам како тренд ќе продолжи и ќе се развив и треба да го поддржиме законот со препораки, понатаму да се согледуваат позитивните искуства од Европа и од светот и да се имплементираат во нашиот систем и на образование, но и во агенциите за вработување. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Овде ја прекинувам седницата, односно давам пауза за ручек.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(Паузата е дадена во 14,02 часот)

(По паузата)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

Претресот по Предлогот за донесување на Законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за образование на возрасните.

Пред да ве повикам на гласање, би ги замолил службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 63 пратеници, гласаа 60 пратеници и сите 60 гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 63 пратеници, од нив 62 гласаа за, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Азис Положани и Сафет Незири и Зумрете Јакупи поднесоа амандмани на член 7 став 1, алинеи 2 и 3, член 7 став 1, алинеја 7, член 9 став 2, член 9 став 6, член 11 за додавање нова алинеја 5 по алинејата 4 и за бришење на алинеите 5 и 7, член 15 став 1, член 17 став 3, член 18 став 1, за менување на алинеја 2, член 20 став 1, член 20 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 22 ставови 1 и 6, член 22 ставови 4 и 5, член 24 став 2, член 25 за додавање нов став 2, по ставот 1, и на член 36 став 1 алинеја 11, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска поднесоа амандмани на член 1 став 1, член 2 точка 2, под А, член 2 точка 2 под Б, член 2 точка

6, член 2 точка 9, член 2 точка 10, член 3 став 3, алинеја 3, член 5 став 7 алинеја 3, член 7 став 1, алинеја 4, член 7 став 1, за додавање нова алинеја 5 по алинејата 4, член 7 став 1 за бришење на алинеја 8, член 9 став 5, член 9, член 19 став 1, член 17 став 1, член 17 став 2, член 17 став 3, член 18 за бришење на ств 3 и член 19 став 1 алинеја 2, член 21 став 2, член 22 став 1, член 22 став 2, член 24 став 2, член 30 за бришење на алинеја 2, член 30 алинеја 3, член 31 алинеја 2 и 3, член 36 алинеја 13, член 37 алинеја 11, член 37, за бришење на алинеја 13, член 37 за додавање нова алинеја 21, по алинеја 20, член 38 став 1, член 38 за бришење на ставовите 2, 3, 4, 5 и 6, член 39 за менување на воведната реченица, член 41 алинеја 5, член 47 став 1 и на член 49 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветкоска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, поелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 точка 2 под А, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамичиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Мојата интервенција е по однос на двата наредни амандмани, кои што се со иста содржина. Во некој интерен договор со претставникот на Владата се договоривме дека оние амандмани кои што се однесуваат на потребата од воведување на законот за процесот на лиценцирање на институциите и установите кои што ќе вршат обука односно образование на возрасни, да биде внесено, а тоа е регулирано со амандманот 12 за кој што подоцна ќе дискутираме. Амандманите 2 и 3 во кои што се прави интервенција во членот 2 точка 2 под А и под Б, во кои што се дефинирани понудувачите на услуги за образование на возрасни. Значи, под А, установата за образование на возрасни е училиште, високо образовна установа, како и специјализирани установи за образование на возрасни.Тука сакаме да додадеме “лиценцирани за таа намена од Министерството за образование и наука”. Значи, во интерес на времето и под Б, исто има терминолошки, логично е да бидат дефинирани, бидејќи може да се јави во пракса во централниот регистер да се регистрираат институции за таа намена и според законот тие ќе кажуваат дека имаат право да вршат обука, а во другите членови велиме дека треба да се лиценцираат тие институции. Мислам дека логично е да бидат прифатени, заради подобрување на текстот во функција на она за кое што се договоривме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Бидејќи, нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повиккувам да гласаме.

Гласаа 63 пратеници, од нив 12 гласаа за, 2 воздржано, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 точка 2 под Б, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор, министерот Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема мпријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа, 63 пратеници, од нив 10 гласаа за, воздржано 1, против гласаа 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2, точка 6, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветкоска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван министер, мислам дека правите грешка повторно консултирајте се. Точно е дека ние немаме сеуште донесено национална рамка на квалификации. Но, постои стара номенклатура на осум степени на знаења, кои што и другите држави од Бивша Југославија ги користат и сите балкански држави кои што се влезени во процесот на усогласување со европската легислатива, ги користат старите номенклатури, значи, старите звања. Сега, кажете ми под 6 во

поимникот, стандарди на занимња и определување на видот на занимањето,нивото и барањата на работа и потребните компетенции, знаење и вештини, ова е преопшта формулација. Мора да стои во врска со одреден акт,а тоа е националната рамка на квалификации во кои што се дефинирани тие звања кои што го регулираат нивото на знаења, вештини, компетенции итн. Мислам дека правите грешка.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамmитчиоски.

Реплика има господинот министер.

**Сулејман Рушити:** Ние веќе работиме на националната рамка на квалификација, која веруваме дека до крајот на оваа година веќе ќе го имаме првиот предлог и сметаме дека откако ќе ја усвоиме националната рамка за квалификации, тогаш ќе ја направиме таа измена. Сега е беспотребна да стои, додека ние ја немаме националната рамка на квалификации.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

За збор се јави господинот Цветко Грозданов, поелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Јас тука ќе напомнам дека со тенденцијата Македонија да влезе во Европската унија, треба да се придржуваме кон она што е една меѓународна рамка, а тоа е ИСКЕТ програмат акоја што ги предвидува моделите на класификација на звањата, кои што ќе бидат компатибилни со оние кои што ќе бидат во Европската унија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Грозданов.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 62 пратеници, од нив 10 гласаса за, воздржани нема, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои аманданот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 точка 9 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски, Славица Грковска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата а се произнесе.

Има збор министерот Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Потпретседателе, министер, јас ќе зборувам, значи го почитувам договореното време, ама ќе зборувам за наредните три амандмани кои што имаат врска во оваа интервенција. Ве молам внимателно следете.

Во поимникот под 9 имате напишано “Диплома, сведителство, уверение се јавни исправи со кои се потврдува завршувањето на одредена јавна програма за образование на возрасни”. Ние предлагаме “уверение” да слези под 10 заедно со сертификат, бидејќи се добива бес потреба од проверка на знаењето, значи за посетување само на курсот,ако е по посебна програма. А, поведуваме диплома и сведителство кои што се во повисока форма на исправи, значи на документи, на педагошки документи а се добиваат со помош на проверка на знаењето и тоа е внесено во амандманите. Значи, амандманот 5 се однесува на точката 12 од 9, значиу под 9, да се избрише “уверение”, наредниот амандман е, “да се додаде и оценка на стекнатото знаење”, значи диплома и сведителство се добива после проверка, што значи после оценување. Додека сертификат и уверение кои што го издаваат одредени институционални форми, не моа да се врши и со проверка на знаење, туку се курсеви кои што се порачани од страна на некој работодавец. Ова беше најдобро намерно кажано и мислам дека го подобрува текстот и доста ќе помогне во идни недоразбирања на толкување на законот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Збор има министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не може да се прифати, затоа што е во спротивност со законот за стручно образование и обука, се издава уверение за прво ниво на стручни квалификации во стручното образование. Тоа е образложениeто.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господинеминисер.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа, 61 пратеник, од нив, 12 гласаа за, воздржани нема, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усви амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 точка 9, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски, Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Збор има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Ги повлекувам амандманите 6 и 7.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Гераммитчиоски.

Амандманот на член 2, точка 9, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамичиоски и Благородна Цветковска е повлечен.

Исто така, амандманот на член 2, точка 10, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале и Благородна Цветковска е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 3, алинеја 3,поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски, Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Збор има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Го повлекувам амандманот.

**Бесим Догани:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски, Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Збор има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван министер, членот 5 ги дефинира понудувачите на услуги за образование на возрасни. Цитирам: "Образованието за возрасни согласно овој закон може да го вршат јавните и приватните установи за образование на возрасните, институциите за образование на возрасните, работничките и народните универзитети, работодавците и социјалните партнери и здруженијата на граѓани и индивидуалните обучувачи кои ги исполнуваат условите пропишани со овој закон.

Почитувани колеги, знам дека ќе ви звучи чудно, ама овој назив од стариот систем, работнички и народни универзитети не соодветствува на новите времиња и трендови и затоа ние со овој амандман предлагаме тие зборови: "работничките и народни универзитети", да се заменат со "центри за усовршување". Мислиме дека е поадекватен термин кој што ќе означува институција или установа која ќе врши обука на возрасни. Овие називи навистина не соодветствуваат на новите времиња. Како сакате, но јас мислам дека треба да размислите и да ја прифатите оваа сугестија.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Реплика има министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Барам пет минути пауза.

**Бесим Догани:** Предлагам пет минути пауза по барање на министерот за образование и наука.

(По пауза од 5 минути седницата продолжи со работа во 15,48 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** По консултација со пратениците амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Во ред, по извршените консултации амандманот на член 5 се прифаќа и тој станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 алинеи 2 и 3, поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Благодарам.

Логиката на предлагањето на овој амандман е во тоа што јас верувам дека е повеќе од јасна, всушност се работи за надлежностите на Министерството за образование и наука меѓу кои се набројуваат и надлежностите со кои се предлага на Владата мрежа на установи за образование на возрасните и давање на мислење за престанокот со работа на установите за образование на возрасните, тоа се алинеите 2 и 3 од член 7.

Амандманот го предложивме од причина што додека во законот установи за образование на возрасни можат да основаат разни инстанци било да се јавни или на локалната власт или приватни здруженија и било кои други што ги имаат овие можности доколку ги исполнуваат условите утврдени со закон тогаш би било неприфатливо на некој начин Владата да ја утврди таа мрежа на овие установи, затоа што на некој начин ова би го ограничило правото на оние кои треба да основаат вакви установи во оној момент кога ги исполниле условите утврдени со закон. Значи, добиле лиценца, ја верифицирале нивната работа, изразиле желба во определен простор ја вршат оваа дејност, додека истите процедури ги

поминале како и другите инстанци предвидени со закон. Сосема е нормално Владата на Република Македонија со предлог на Министерството да ги разгледа, да ги верификува или да ја определи мрежата на јавни установи доколку државата или некоја друга јавна инстанца основа една ваква организација, додека за приватните организации Министерството или другите инстанци имаат можност да влијаат на нивната мрежа односно на нивното ширење преку контролирање на исполнување на условите.

Доколку некој бартел ги исполнил условите за отворање на една ваква установа за некоја определена дејност, тогаш Министерството го дава тоа право, го верификува. Не знам како може на истите да им се забрани преку одлука на Владата со не предвидување на истата во мрежата на установи за образование на возрасни.

Мислам дека дефинирањето на овој член преку прецизирањето што се дава правото на Владата да утврди мрежа на јавни организации, а не на сите организации е посоодветно или Владата има право да даде предлог за прекин со работа на јавните институции или установи кои вршат ваква дејност, а не на приватните. На приватните или на другите им се забранува дејноста доколку не ги исполнуваат условите **предвидени со закон**. Доколку инспекцијата или пак некоја контрола на Министерството или пак на некоја друга инстанца која е основана токму за таа работа, констатира дека не ги исполнува условите што се предвидени со закон, тогаш врз таа основа има можност да ги избрише од регистарот, а не врз основа на утврдување на мрежа на установи. Затоа мислам дека оваа дефиниција која што е поконкретна би била во согласност со трендовите и со позицијата на државата во оваа област, позиција која што воглавно е да има регулаторна улога, да утврдува стандарди, да има улога на контрола и надзор, а не кога веќе ги имаат исполнето условите кои што се предвидени со закон со актот за утврдување на мрежа или актот за опфаќање да можат да се елиминират. Значи, јас не велам дека со ова Владата или Министерството ќе елиминира установи кои всушност ги исполниле условите меѓутоа постои можност преку редуцирање или пак дефинирање на мрежата фактички тие установи кои ги исполниле условите за вршење на оваа дејност да им се оневозможи да ја вршат истата.

Затоа мојот предлог на амандманот е по целен и попогоден и само ја прецизира улогата на Владата во оваа област посебно со тоа што се надоврзува за оние установи што ги основа државата. Додека пак тие што ги основа приватниот фактор или пак друга некоја асоцијација има друг инструметн со кој што Владата всушност ќе може да и ја оневозможи дејноста. Тоа е во моментот кога една организација или усеанова не ги исполнува условите утврдени со законот автоматски го губи правото за реализација или вршење на оваа дејност. Ова е причината зошто сакав и на пратениците да им објаснам малку пошироко со цел да ја објаснам причината и мотивот за поднесување на овој амандман. Благодарам и за тоа ги молам пратениците да го имаат тоа предвид при судењето на нивната оценка.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Положани.

За реплика се јави министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа бидејќи терминолошки не е во ред. Терминолошки не постои јавна мрежа на установи, туку мрежа на јавни установи. Значи, сметам дека суштински не менува ништо во суштина и ако би го прифатиле, ако беше во ред и терминолошки.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министре.

Контра реплика има господинот Положани, повелете.

**Азис Положани:** Јас сум многу заинтересиран за суштината на законот, ако министерот мисли дека тоа е начин да се постигне суштината преку менување на формата кој што јас сум ја предложил, јас ја прифаќам таа сугестија и нека биде во таа форма на која што ја задоволува суштината. Сме имале овде прилика во Парламентот кога и со усмени амандмани, може да се усогласи на начин за да добие суштината.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Положани.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи гласаа само 54 пратеника, би ги замолил службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласањето во салата имаше само 55 пратеника така да гласањето е невалидно.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги повикувам сите пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Имаме доволен број на пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеника присутни во салата, гласаа 58, од нив 13 гласааа за, 1 воздржано, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 алинеа 3, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој стана составен дел од текстот од Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 алинеа 4, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 за додавање нова алинеа 5 по алинеата 4, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој стана составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 алинеа 7, поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник, 12 гласаа за, 1 воздржан, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 за бришење на алинеја 8, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Колешки и колеги пратеници, овој амандман го предложивме заради тоа што сметаме доколку остане оваа формулација како што е наведена во Предлогот на законот, може да внесе забуни во понатамошното функционирање и имплементација на законот. Имено, со оваа алинеја се предлага Министерството да обезбеди средства од Буџетот на Република Македонија за финансирање на образованието на возрасните, врз основа на утврдените потреби на државата. Меѓутоа, до колку оваа формулација остане во законот, останува нејасно дали од Буџетот на Република Македонија, врз основа на оваа одредба, Министерството ќе има можност да ги финансира и приватните институции кои ќе се занимаваат со образование на возрасни, со што во суштина ќе ги доведе во нерамноправна положба државните и приватните институции. Морам да кажам, тоа е сосема спротивно на директивите на ЕУ и ве уверувам дека овој член од законот понатаму ќе предизвика дополнителни проблеми заради тоа што врз основа на ваквата формулација приватните институции кои ќе вршат образование на возрасни ќе имаат право да бараат од Министерството да бидат финансирани за вршењето на нивната дејност. Значи амандманот е многу суштински, не е од техничка природа. Затоа му предлагам на парламентарното мнозинство да размисли како ќе се изјасни за овој амандман заради тоа што, повторно ќе кажам, ќе предизвика големи проблеми при имплементацијата на овој закон. Впрочем и најголемите забелешки од ЕУ, во Извештајот, беа во насока на донесување на закони кои ќе бидат ефикасно имплементирани. Ваквата одредба на законот ќе го спречи ефикасното имплементирање на овој закон.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Од вкупно 64 пратеници кои се присутни во салата, гласаа 60, 14 гласаа за, 1 воздржан, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2, поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Овде се говори за член 9 од овој закон, за составот на Советот за

образование на возрасните, Совет кој содржи односно треба да има 13 члена.

Интересно е зошто Министерството не го прифати овој амандман. Иако има и технички грешки во самиот амандман, би било добро да се подобри таа техничка грешка. Со еден збор, во став 2 каде се говори за тие кои го сочинуваат Советот, по еден член од министерството се кажува, без а се спомне од кое министерство, потоа вели од Бирото и други членови, што е во ред, но мислам дека дејноста која се врши со овој закон го прави неопходно вклучувањето на еден член од Министерството за труд и социјална политика.

Исто така, бидејќи е во врска и со можноста и во високото образование да можат да се организираат разни работи од образованието за возрасни, мислам дека би било на место и добро би било во оваа структура на Советот да учествува и еден член од Интеруниверзитетската конференција која ги застапува идеите или ставовите на универзитетите, бидејќи тоа сега за сега е структура која ги сублимира ставовите и мислењата на субјектите од високото образование. Ние предложивме Советот од 13, да брои 15 члена, со тоа што да се зголеми тоа што е техники пропуст, каде пишува само министерството, да се додаде и Министерството за образвание и наука и да се додаде Министерството за труд и социјална политика и Интеруниверзитетската конференција. Мислам дека тоа ќе го направи поодржлив Советот и посеопфатен, имајќи го предвид составот и ингеренциите на овој Совет, за да создаде одредени политики во областа која ја третира овој закон. Затоа мислам дека амандманот е во функција на подобрување на овој член и како таков, им се обраќам на пратениците да го имаат предвид тоа и да судат во согласност со овие мои аргументи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 64 пратенци, 13 гласаа за, 1 воздржан, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 5, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 6, поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник, 12 гласаа за, 2 воздржани, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 6, поднесен од пратениците Слаица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за додавање нова алинеја 5 по алинеја 4 и за бришење на алинеите 5 и 7, поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник, 13 гласаа за, 1 воздржан, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1, поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 62 пратеник, 12 гласаа за, 1 воздржан, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот го повлекувам иако ќе придонесеше за подобро искажување на текстот во однос на тоа кој ги носи програмите, но тоа е став на Министерството.

**Бесим Догани:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 2, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманоте се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 2, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска..

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 57 пратеници.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 65 пратеници и гласањето е валидно.

Значи гласале 57 пратеници, 11 гласале за, нема воздржани, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 3, поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

За збор се јави господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Амандманот само ја надополнува реченицата и со зборот “индивидуални обучувачи” затоа што овие права, значи возрасните можат да се образуваат и усовршуваат и да ги дополнуваат своите знаења и вештини согласно посебни програми за стекнување на знаење и вештини кои се организираат во образовните установи и институции и индивидуалните обучувачи затоа што тоа право претходно со друг член им е дадено и на нив, а овде во член 17 тие не се спомнати. Значи има неконсеквентности на законот при спомнувањето на тие институции, а во овој случај се работи за индивидуални обучувачи кои според член, не знам кој беше точно, каде тоа право им е дадено и на нив. Затоа со амандманот се претендира само да се комплетираат сите институции кои имаат право да даваат таква обука, а меѓу нив со закон се дава право да биде и индивидуален обучувач. Затоа амандманот се предлага во таа функција.

**Бесим Догани:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник, од нив 13 гласаа за, 1 воздржано, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 3, поднесен од пратниците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 за менување на алинеја 2, поднесен од

пратениците Азис Положани, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.
Има збор господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Јас не знам како стварно да се образложи неприфаќањето на овој амандман кога се работи за едно многу јасно прашање. Еве тука пишува дека посебни програми за образование во член 17 став 3, се описменување на населението, мајчин јазик и странски јазици, преквалификација, доквалификација. Значи набројува кои програми се тие кои ќе бидат како предмети за образување на возрасните.

Со амандманот се предлага наместо мајчин јазик и странски јазици да стои изучување на јазици, од една проста причина што понекогаш има некој јазик кој не е ниту мајчин јазик, ниту странски јазик, а ние тука во Македонија тоа го имаме. Да кажеме албанскиот јазик во местата каде Албанците се немнозинско население, или не е мајчин јазик на тие што сакаат да го учат, а не е ни странски јазик, туку е службен јазик на оваа држава. Затоа за да се избегнат такви нелогичности, јас го предложив зборот односно реченицата “изучување на јазици” што не би оствило простор за такви можни несоодветни толкувања, наместо зборот мајчин јазик и странски јазици. Затоа мислам амандманот само би го поправило тоа што е предложено со членот 18.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Положани.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 62 пратеници, 13 за, 2 воздржани, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1, за бришење на алијеја 11, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Господине министре, јас инсистирам повторно да размислите за прифаќање на овој амандман. Некој потоа ќе го чита законот и ќе ни се смее.

Само да потенцирам што значи овој амандман.

Во член 18, посебните програми за образование на возрасните од член 17 став 3 од овој закон се за и описменување на населението, мајчин јазик, странски јазик, преквалификација, доквалификација и тн., во алинеја 1 - основни познавања од науката и технологијата.

Ви се молам, образование на возрасни да ги запознавате со познавање од науката и технологијата, тоа е апсурд, нон сенс. Ќе биде на ревизија овој закон, некој ќе го гледа и навистина ќе се чуди како сме можеле да донесеме вакво нешто.

Предлагаме оваа алинеја да се брише. Ако има некои други потреби, во наредната алинеја 12 има други знаења, вештини и способности, а на наука да го научите некој со скратени курсеви за дооописменување, навистина не вреди да се зборува. Јас ве молам да размислите. Самите протолкувајте го тоа. Јас верувам дека ќе донесете правилна одлука.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

За збор се јави министерот за образование, господинот Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Сметам дека нема никој да ни се смее, бидејќи тоа се насоки од Советот на Европа и како такви се вметнати во законот. Мислам дека решението е добро.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 68 пратенци, од нив 19 гласаа за, воздржани нема, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 за бришење на став 3 поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот го повлекуваме.

**Бесим Догани:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1 алинеја 2 поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Амандманот го повлекувам.

**Бесим Догани:** Отворам претрес по амандманот на член 20 став 1 поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 59 пратеници, од нив 15 гласаа за, воздржани нема, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 2 поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот го повлекуваме.

**Бесим Догани:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1 поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот го повлекуваме.

**Бесим Догани:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 22 ставови 1 и 6, поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 62 пратеници, од нив 16 гласаа за, воздржано 1, против 45.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 2 поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Правниците секогаш велат не се подразбира, туку треба да се напише. Овде не е напишано, ќе биде образложението се подразбира дека Министерството ги носи стандардите. Ние сакавме да помогнеме со посебен правилник за стандарди. Тоа и правниците постојано го сугерираат но не се прифаќа и затоа го повлекувам амандманот.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 22 ставови 4 и 5 поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Јас и во мојот говор во принципиелната дебата на почетокот реков дека во Законот има некои недоследности кои што е тешко да се разбираат. Програмите се делат на јавни и тн. Овде се зборува за тн., јавно признати програми.Мислам дека една програма која што е верификувана и прифатена за реализација, тоа е програма за образување на возрасни затоа што нема друга програма. Значи, ако веќе таа е прифатена, ако таа е верифицирана, таа е веќе програма за образование на возрасни, без разлика дали е јавна, дали произлегува од јавна институција, дали тоа го произведува на некој начин “приватна установа”, дали го произведува приватен обучувач, самостоен обучувач итн., таа

е програма за образование на возрасни. Не мислам дека појаснува нешто или конкретизира подобро и кога се вели јавна призната програма. Затоа, со амандманот се инсистира да се замени зборот “јавна призната програма”, затоа што тие програми сите се јавни. Ако добиле верификација, затоа што произведуваат јавен документ, сертификат, без разлика кој го издал, тој веќе има иста правна тежина и произведува исти правни последици било каде да е издаден, да биде верифициран и да биде од верифицирана институција. Не знам по кој основ тој може да се дели на јавна призната програма или која би била друга. Не јавна или приватна или во еден член таму се вели јавни или специфични или посебни. Спротивното на јавното не е антитеза на јавното, не е специфичното. Затоа, мислам дека не би требало да се комплицира законот непотребно со овие термини, туку просто според логиката на нештата секоја програма која што ја поминала процедурата на верификација, се верифицирала и се прифатила за нешто, било кој таа програма да ја реализира, таа е веќе програма за возрасни, дали е јавна или не, не е многу битно, само е битно да произведува ист ефект и по правниот систем и по пазарот на трудот итн., како едниот така и другиот. Затоа, амандманот беше во таа функција да го упрости и да ја избегне непотребната дистинкција меѓу јавни програми и посебни програми, кои што во Законот тешко може а се препознае што е јавно, што е посебно и не јавно. Затоа, мислам дека има потреба да се размисли и да се прифати поради овие причини. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Положани.

Бидејќи нема повеќе пријавнеи за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 57 пратеници колку што гласаа за амандманот се изјаснија 13, воздржани 1, против амандманот гласаа 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 22 ставови 4 и 5 поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 2 поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

За збор се јави господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Овој амандман, господа пратеници е предложен и е во духот на процедурите кои што и во Министерството за образование, а и воопшто на некој начин се поставени, а тоа е дека при составување на сертификати, на дипломи, на сведителства итн., министерот ја има ингеренцијата тоа да го напише, мислам да го предложи или да го потпишува итн., но поради фактот што има и во него стручни елементи кои што треба да се имаат предвид, а дека министерот не е стручно лице, туку е политичко лице и да не имаме состојби на такви пропусти кои што се од стручен аспект, јас само додавам дека на називот, содржината и формата на сертификатот од став 1 на овој член го пропишува министерот надлежен за образование, а јас додавам “по претходно мислење на Центаот или на бирото за развој на образованието” или на Центарот и на мислење од Бирото. Затоа што, има Центар за стручно образование, а мислам дека има и биро. Значи, идеата е при составување кога министерот ќе го потпише, тој да биде поминат како мислење, како предлог од овие стручни тела на некој начин да даваат мислење, за да може министерот после да го потпише и да нема пропусти. Тоа е принцип на работа и на досегашните и на сегашните јавни документи кои што се пуштаат од Министерството, при што мислење даваат стручните органи кои во процедура се вклучуваат при донесување на подзаконските акти, дипломите или сведителствата како јавни документи кои што ги потпишува министерот. Значи, идеата е само да се додаде едно стручно мислење кон тоа што министерот и онака со закон е надлежен да го прави и мислам дека тоа е подобро решение од ова постојното. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодорам господине Положани.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 62 пратеници, колку што гласале, за амандманот се изјасниле 15, воздржани 1, против амандманот гласале 46 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 24 став 2, поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 2 поднесен од пратениците Славица Грковска, тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 за додавање нов став 2 по став 1, поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 за бришење на алинеја 2 поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот го повлекувам.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 30 алинеја 3 поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот го повлекуваме.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 31 алинеја 1, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски, Славица Грковска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот го повлекуваме.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 31 алинеја 2, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски, Славица Грковска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот го повлекуваме.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 31 алинеја 3, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски, Славица Грковска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот го повлекуваме.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 1, алинеја 11, поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 52 колку што гласале, за амандманот се изјасниле 9, воздржан 1, против амандманот 42.

Молам, да провериме дали имаме кворум и ги молам службите да избројат колку пратеници има во салата.

Немаше доволен број пратеници и ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат, како би можеле повторно да гласаме за овој амандман.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ве повикувам повторно да гласаме.

Од вкупно 53 пратеници колку што гласаа, за амандманот гласаа 7, воздржани 1, против амандманот 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 36 став 1, алинеја 11, поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Отворам претрес по амандманот на член 36 алинеја 13, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски, Славица Грковска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 37 алинеја 11, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски, Славица Грковска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 37 за бришење на  алинеја 13, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски, Славица Грковска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот  се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот  е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 37 за додавање нова алинеја 21 по алинејата 20, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски, Славица Грковска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот  е прифатен и тој станува составен дел на предлогот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 38 став 1, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски, Славица Грковска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот го повлекуваме.

**Благој Зашов:**  Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 38 за бришење на ставовите 2, 3, 4, 5 и 6, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски, Славица Грковска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот го повлекувам.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 39 за менување на воведната реченица, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот го повлекувам.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 41 алинеја 5, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот го повлекувам.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 47 став 1, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Иако се трудевме да го скратиме рокот за поедноставна и побрза имплементација на овој закон, мислењето на министерот го почитуваме и амандманот го повлекуваме.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 49, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот го повлекувам.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека, согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Пред да преминеме на гласање ги повикувам сите пратеници што не се во салата да влезат, како би можеле да пристапиме кон гласање.

Ги повикувам пратениците кои се во Клубот на пратеници или во салите надвор од главната сала да влезат како би можеле да гласаме за законот.

Ги молам службите да извршиме проверка да видиме дали има кворум за работа.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата имаме доболен број пратеници за гласање.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 62 колку што гласале, сите 62 се изјасниле за.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Кој е против, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

На седницата присуствуваат 14 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 14 пратеници, немаше против и од гласањето никој не се воздржа.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за образование на возрасните.

**Минуваме на точката 15 - Предлог за донесување на закон за вонпарнична постапка, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 1 од Амандманот 25 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за правда, повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани дами и господа пратеници,

Денеска на дневен ред е Предлогот на донесување на закон за вонпарнична постапка.

По текстот на Предлогот на законот се водеше обемна расправа на седниците на комисиите, јас нема долго да говорам, се работи за еден закон кој е најдолго во примена во Република Македонија. Овој закон како сега се насловува Закон за вонпроцесна постапка е донесен 1979 година, тоа значи скоро 30 години, тоа е закон кој не е усогласен ниту со Уставот на Република Македонија од 1991 година иако постоела законска обврска во рок од една година Законот да биде усогласен со Уставот, но тоа не е сторено и еве сега на оваа Влада и припадна чест односно на ова Министерство да го предложи законот заради тоа што во меѓувреме се донесоа многу закони со кои се утврдија одредени состојби со кои овој закон не е усогласен.

Значи, покрај терминолошки, суштински и други усогласувања со многуте закони кои се донесени како што е Законот за извршување, Законот за договорен залог, Законот за обезбедување на побарувањата, Закон за парничната постапка и многу други закони, покрај тоа што се прави терминолошко усогласување во законот се вградуваат препораките на Советот на Европа кои се однесуваат на тоа судовите да се растеретат со неспорните предмети и тие да бидат во надлежност на други институции, на други органи, тоа што се прави со овој закон, кој ги регулира статусните, имотните, семејните и други права и односи во Република Македонија како што се правата кои се однесуваат на оставинската постапка, составување на тестамент, чување на јавни исправи, составување на јавни исправи, прашања околу утврдување на меѓи, утврдување на деловна способност, одземање на деловна способност, итн, да не го говорам, бидејќи сето тоа е содржано во законот.

Законот беше на расправа и на Комисијата за европски прашања каде доби целосна подршка со едно укажување еден амандман кој се однесува на тоа изјавата за откажување од наследство да биде дадена пред судија и да биде дадена пред записничар, што е прифатливо, тоа го кажувам сега, но ќе го најавам и во амандманската расправа по овој закон.

По овој закон има поднесено околу 15-тина амандмани од кои добар дел се прифатливи кои се терминолошки усогласувања, правно-технички усогласувања, а некои доградувања на текстот, тогаш ќе се изјаснам кога ќе дојдат тие амандмани.

Сакам да напоменам дека и Владата денеска поднесе еден амандман со тоа што законот иако е поднесен во јуни 2007 година еве денеска доаѓа на седница на Собранието, а во завршната одредба од членот 311 стои дека одредбите кои

се однесуваат на водење на оставинската постапка од нотарите како повереници на судот ќе се применуваат од 01.01.2008 година, тој датум одамна помина, новиот амандман што е поднесен од Владата значи дека тие одредби ќе се применуваат од 1 март 2008 година.

Предлагам после расправата да биде утврден текстот на Предлогот на законот и да биде донесен од страна на ова Собрание. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине министер.

За збор се јави госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе, колеги пратеници, господине министер.

Пратеничката група на СДСМ ќе го подржи и ќе гласа за донесување на законот за вонпарнична постапка затоа што овој закон можеби е еден од малкуте закони кој е од поранешниот систем и истиот не е усогласен ниту со Уставот, ниту со законите кои од осамостојувањето па навамј Република Македонија ги донесувала.

Ќе го подржи донесувањето на овој закон и ќе гласа затоа што овој закон во еден дел се усогласува со една препорака на Советот на Европа и најважно затоа што овој закон не само што е од европската агенда, туку овој закон беше предмет на лидерските договарања. Таму се постигна согласност да биде подржан овој закон и затоа пратеничката група ќе гласа за овој закон, меѓутоа, имаме поднесено околу 50-тина амандмани се со една цел да се подобри текстот на законот што еве министерот во своето воведно излагање кажа дека дел од амандманите ќе бидат прифатени и за тоа навистина е наше задоволството да можеме да го подобриме текстот на овој закон.

Новината која се воведува во овој закон и која е најважна е давање надлежност на оставинските постапки мислам на неспорнте да ги решаваат нотарите.

Она што како дилема и тогаш во расправата пред комисиите по овој закон и на лидерските средби и сега ни се наметнува е прашањето дали овие оставински постапки не спорни ќе бидат поевтини, поекономични и побрзи со ваквата нова надлежност. Јас би му препорачала на министерот како надлежен при донесувањето на тарифата за награда околу овие постапки да води особено внимание затоа што голем број на оставински постапки заради висината на таксата која сега ја има не се покренуваат.

Она што особено мене ме интересира и претеничката група решението за поведување на оставински постапки екс-официо ќе функционира дали има механизам за екс-официо покренување на оставинските постапки затоа што од поранешно искуство имаме сознание дека ова иако имаме норма, иако имаме вакво решение ова не функционира во стварност и голем број на оставински постапки не се покренуваат екс-официо иако тоа со закон се задолжени и не покренувањето на постапката екс-официо големите такси кои треба да се плаќаат доведуваат голем број оставински постапки не се поведени, а со тоа секако и Катастерот на недвижности не е уреден во Република Македонија, што е едно од многу важни прашања во Република Македонија, барем сега во моментот се актуелни.

Уште еднаш да сумирам, ќе го подржиме донесувањето на овој закон и очекуваме поголем број на амандмани кои сме ги поднеле да бидат прифатени од страна на министерот или изгласани од страна на парламентарното мнозинство. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам и јас госпоѓо Иванова.

За збор се јави господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван министер, почиутвани пратеници.

Уште на почетокот ќе нагласам дека ние како парламентарна група ќе го подржиме овој Предлог закон и нормално ќе гласаме за донесување на овој закон од неколку причини.

Сите знаеме како што се нагласи во експозето, а и од претходната колешка дека еден ваков закон кој сега за сега се спроведува кај нас е донесен во 1979 година кој е спроведен од еден систем кој веќе не постои е повеќе од евидентно дека реформите во правниот систем почнаа поодамна и за жал, еден ваков закон кој ќе беше дел од реформскиот систем не е донесен до денес.

Имајќи го предвид фактот дека реформскиот систем во правниот систем од слични области почнаа. Во овие области се донесени законски одредби како што е на пример Законот за парнична постапка, Законот за извршна постапка, се донесени и се спроведуваат додека оваа област која и припаѓа на областа од формално правен карактер не е донесено со еден реформски закон.

Јас и мојата парламентарна група ќе гласаме за овој Предлог закон и ќе ми дозволите да кажам неколку збора за да го нагласам моето лично мислење во врска со причините зошто ќе го гласаме овој закон.

Законот кој ја уредуваше оваа област од 1979 година како и овој закон поаѓа од две клучни начела во врска со иницирање на вонпарнична постапка било од областа на личните прашања кои се уредуваат со овој закон од граѓанските области или имотните области и тие се во автономија на странките. Со ова начело како и постојниот закон се уредуваат многу прашања кои до денес беа уредени со постојниот закон, но од терминолошки аспект овој закон се усогласува со формалниот и терминолошкиот аспект со измените кои се направија по 90-тите години кога се усогласија со терминологијата која го употребува Законот за парнична постапка и за извршна постапка.

Новината која треба посебно да се нагласи е прашањето на развојот на постапката во врска со наследството каде ценам дека е направен позитивен исчекор во насока на создавање можности за одредени прашања во врска со оваа постапка за оставинската постапка да одлучуваат органи кои не се судски органи нормално со пренесување на предмети од оставинските судови во несудски органи како што се нотарите, што мислам дека позитивно ќе се одрази во насока на забрзување на постапките во врска со овие прашања.

Но, и покрај тоа посебно анализирајќи го Предлог текстот на овој закон јас мислам дека има недоречености кои сакам да ги нагласам токму на прашањето на пренесување на оставинските предмети до овие органи како што се нотарите.

Мислам дека би било добро ова прашање да се утврди подобро посебно постапката на пренесување или процедурата на избор на нотар кој во име на судскиот орган ќе развива една таква постапка затоа што вака како што е дефинирано со овој закон, според мене, постои празнина во насока на назначување или утврдување кој од нотарите на соодветната територија на Основниот суд ќе ја одвива оваа постапка.

Ова го велам од причина што во пракса можат да се случат злоупотреби.Тоа е едно прашање кое како и вообичаено кај законите кои ни се нудат, на почетокот се даваат објаснувања за значењето на поимите со кои се манипулира, кои се употребуваат во законот, нешто што, за жал, не се случува со овој закон, иако според мое мислење се говори за еден значен Предлог на закон.

Нешто што сакам да нагласам е дека би било добро, како што тоа го прави Законот за парнична и извршна постапка и во текстот на овој закон, во почетниот дел требаше да се утврди значењето на неколку поими употребени во истиот.

Инаку имам и други забелешки во врска со текстот, но за тоа ќе говорам уште еднаш. Значи, ќе повторам, бидејќи се зборува за закон кој во суштина е дел од отпочнатите судски реформи, ние како парламентарна група ќе гласаме за донесувањето на овој закон. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Јашари.

За збор се јави господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министре, беше кажан ставот на нашата пратеничка група во врска со поддржувањето и гласањето на овој закон, тоа е неспорно. Меѓутоа, сакам да дадам неколку принципиелни забелешки во врска со измените и дополнувањата на овој закон за вонпарнична постапка, посебно во делот кој се однесува на преземањето на неспорните судски предмети, оставински предмети од судот, од страна на нотарите.

Првата забелешка е дека ова го правите на начин на кој ги прерипувате основните, базните закни кои се однесуваат на овие прашања, пред се мислам на Законот за судови и Законот за нотарска дејност, бидејќи неспорна е потребата поради која се иницираат вакви промени за дел од овие предмети да ги водат нотарите. Меѓутоа начинот на кој се прави тоа со решенијата во овој закон, мислам дека е еден вид грешка во чекори, затоа што најпрвин требаше да го предвидите тоа дека судовите можат да даваат овластување односно нотарите да бидат судски повереници, како што се вели во законот, по одредени неспорни оставински предмети и тие одредби да се предвидат во Законот за судовите односно соодветно, до колку треба да се интервенира и во Законот за нотарски работи. Тоа, пред се, од една проста причина што на ваков начин би можеле да се доведеме до една апсурдна ситуација, во поедини закони, до колку вршиме прераспределба, иако намерата е добра, тоа е неспорно, да се растоварат судовите од огромниот број на предмети, меѓутоа мора да се почитува и процедурата на кој начин тоа се прави. Би се довеле во една апсурдна ситуација и на други субјекти утре, може на некој да му текне судот да му пренесува и да му доверува свои надлежности за некој да одлучува по такви предмети. Затоа велам апсурдна е ситуацијата, да не испадне пак за некои предмети кои се ептен неспорни, на самите странски судот да им довери да си го одлучат предметот. Сега вака малку и преувеличувам, меѓутоа, апелирам да го преиспитате тоа прашање и до колку е потребно тоа да се регулира и во Законот за судовите. Ќе видиме во праксата како тоа ќе функционира односно, бидејќи е познато дека во оставинската постапка можно е, до колку еден предмет на почетокот, или навидум, во текот на водењето на предметот да се јави спор, значи како тоа ќе функциноира, како ќе се разрешува во пракса, посебно од аспект на регулираноста на овој закон. Не знам колку е прецизно тоа, од ова што можам да го погледнам, правото на нотарите да одлучуваат односно да носат одлуки затоа што правото на донесување на одлуки понатаму е поврзано и со правото на жалба, повлекува други процедури и тн.

Имам уште неколку ситни забелешки во врска со надзорот на работата на нотарите. Имено според мене не е доволно прецизирано кој ќе го врши тој надзор, се вели судот, меѓутоа како тоа ќе функциоира останува да видиме. Исто така и околу прераспоредувањето односно доделувањето на предметите. Не знам колку е целисходно решението по азбучен ред, или можеби треба да се примени некој друг принцип што функционира во некои други ситуации, на пример според редоследот на пристигнувањето на предметите во судот.

Исто така вие денес поднесовте од име на Владата амандман со кој, наместо од 1.01.2008 година, временското важење на законот го заменувате со 1.03.2008 година. Меѓутоа, никаде

во законот нема во преодните одредби обврска за определување на рокови од ваша страна, за прилагодување и донесување на сите неопходни подзаконски акти кои ќе ја овозможат практичната примена на овие одредби и новини во законот. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Кондарко.

За збор се јави госпоѓа Анета Кипаризовска Крстевска, повелете.

**Анета Кипаризовска Крстевска:** Благодарам.

Во поглед на Предлогот за донесување на законот за вонпарнична постапка, и јас би сакала да кажам неколку збора и на почетокот ќе истакнам дека во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го поддржуваме донесувањето на овој Предлог за донесување на закон за вонпарнична постапка.

Исто така, ќе напоменам односно ќе потенцирам дека е добро што сите пратенички групи се согласни со донесувањето на овој закон и го поддржуваат истиот.

Околу потребата за донесувањето на законот за вонпарнична постапка кој, како што впрочем кажаа и колегите и почитуваниот министер, е донесен 1979 година и не е компатибилен со Уставот на Република Македонија и јасно е зошто има потреба од усогласување односно донесување на ваков закон.

Инаку, со предложениот закон ќе се заокружи процесното законодвство. Покрај законот за парнична постапка тука е законот за извршување и законот за нотаријатот.

Како што се кажа, сега повторно не би сакала да се навраќам на Советот на Европа, Советот на министри, кој донесе препорака за донесување на ваков закон и сметам дека со новините кои се предлагаат во истиот ќе се обезбеди правна рамка и примена односно поефикасно постапувње на судовите.

За разлика од некои мои колеги кои имаат некои дилеми околу постапувањето на нотарите во неспорните оставински предмети, јас сметам дека тоа е добра новина која се донесува во законот и на овој начин сметам дека ќе се добие поголема ажурност при спроведување на оставинската постапка. Секако тука ќе имаме и растеретување на судовите, поголема ефикасност на судството и на тој начин секако и поефикасна заштита на правата на граѓаните во остварувањето на истите.

Сметам дека е добро што судовите ќе бидат растеретени од неспорните оставински предмети па така ќе можат да се посветат повеќе на спорните предмети од областа на кривичното право, граѓанското право, трговското, стечаите и другите постапки кои се во негова надлежност. Заради тоа добро е, уште еднаш ќе потенцирам, што нотарите ќе се јавуваат како повереници на судот, што е регулирано со членот 131 од овој Предлог на закон и со кој се предвидува претседателот на Основниот суд да ги довери оставинските предмети на нотари, со седиште на подрачјата на тој суд.

Не би сакал јас сега да одолговлекувам, значи овие се главни новини на кои се има осврнато Владата при поднесувањето на овој предлог и поради овие причини секако ќе го поддржам овој Предлог-закон. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓа Кипаризовска Крстевска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за вонпарнична постапка.

Ги молам пратениците да влезат во салата, како би можеле да гласаме.

Уште еднаш ги молам пратениците кои се во Собранието, да влезат во главната сала како би можеле да продолжиме со работа, односно да гласаме за заклучокот.

Ги молам службите да ги избројат пратениците, како би можеле да констатираме дека има кворум.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 66 колку што гласале, сите 66 гласале за.

Констатирам дека заклучопкот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 64 пратеници колку што гласале, сите 64 се изјасниле за, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 311 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 10 за додавање нов став 3 по ставот 2, со кој се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Цветанка Иванова и Борис Кондарко, поднесоа амандман за менување на член 122 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Оливер Спасовски, Цветанка Иванова и Никола Рилковски, поднесоа амандман на член 102, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Борис Кондарко, Цветанка Иванова и Оливер Спасовски, поднесоа амандмани на член 51 ставови 1 и 2, член 62 став 1, член 135 став 2 и на член 311, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Оливер Спасовски и Борис Кондарко поднесоа амандмани на член 3 став 1,

член 3 став 4, член 4 став 4, член 27 став 1, член 27 став 2, член 28, член 30, член 59 став 2, член 62 став 1, член 67, член 75 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 82 став 1, член 116 став 1 и на член 118 став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1, поднесен од пратениците Оливер Спасовски и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министер.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман од причини што согласно член 9, барањата се поднесуваат во формален акт како предлог, а самиот предлог содржи определено барање. Од тие причини, овде повеќе се работи за граматичко толкување отколку за некаква суштинска разлика. Според тоа амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Благодарам министре.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам, претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 59 пратеници колку што гласале, 11 се изјасниле за, 2 пратеници се воздржале и 46 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1 поднесен од пратениците Оливер Спасовски и Борис Кондарко.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 4 однесен од пратениците Оливер Спасовски и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Миахјло Маневски:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлог законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 4, поднесен од пратениците Оливер Спасовски и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Михајло Маневски:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 1, поднесен од пратениците Оливер Спасовски и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Михајло Маневски:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 2, поднесен од пратениците Оливер Спасовски и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Михајло Маневски:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен од страна на Владата и тој станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 28, поднесен од пратениците Оливер Спасовски и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Михајло Маневски:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** И овој амандман Владата го прифаќа и тој станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 30, поднесен од пратениците Оливер Спасовски и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата го прифаќа амандманот.

**Благој Зашов:** И овој амандман е прифатен од страна на Владата и тој станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 59 ствови 1 и 2, поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Борис Кондарко. Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Благој Зашов:** Владата не го прифати овој амандман.

За збор се јави господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Го повлекувам амандманот.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 59 став 2, поднесен од пратениците Оливер Спасовски и

Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата го прифаќа овој амандман.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен од страна на Владата и тој е составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 1, поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Борис Кондарко, Цвертанка Иванова и Оливер Спасовски..

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Михајло Маневски:** На членот 62 став 1, има поднесено 2 амандмана. Првиот амандман што се однесува до рокот од 48 часа да се намали на

28 часа, се прифаќа, а вториот амандман не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Овој амандман за кој сега ние зборуваме не се прифаќа.

За збор се јави господин Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Да потврдиме уште еднаш. Станува збор зза амандманот што не е прифатен каде што зборот "волја" предлагаме да се замени со зборот "согласност".

**Михајло Маневски:** Тој не се прифаќа, а амандманот да се скрати рокот од 48 часа на 24 часа се прифаќа.

**Благој Зашов:** Вклучете го господин Кондарко, ве молам.

**Борис Кондарко:** Од името на предлагачите го повлекуваме овој амандман.

**Благој Зашов:** Овој амандман е повлечен.

Бидејќи следниот амандман за кој што стануваше збор е прифатен од страна на Владата, тој е составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 67, поднесен од пратениците Оливер Спасовски, Борис Кондарко и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата го прифаќа амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Владата го прифаќа и овој амандман и тој е составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 75,за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Оливер Спасовски, Борис Кондарко и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа амандманот, бидејќи се додава надлежност на Врховниот суд да постапува во прв степен.

**Благој Зашов:** Владата не го прифаќа и овој амандман.

За збор се јави господин Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Од името на колегите предлагачи и овој амандман го повлекуваме.

**Благој Зашов:** И овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 82 став 1, поднесен од пратениците Оливер Спасовски, Борис Кондарко и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Благој Зашов:** Владата не го прифаќа и овој амандман.

За збор се јави господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Го повлекуваме и овој амандман.

**Благој Зашов:** И овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 102, поднесен од пратениците Оливер Спасовски, Цветанка Иванова и Никола Рилковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата го прифаќа овој амандман.

**Благој Зашов:** Владата го прифаќа и овој амандман и тој е составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 116 став 1, поднесен од пратениците Оливер Спасовски, Борис Кондрко и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата го прифаќа овој амандман.

**Благој Зашов:** Владата го прифаќа и овој амандман и тој е составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 118 став 2, поднесен од пратениците Оливер Спасовски, Борис Кондарко и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Михајло Маневски:** Амандманот се прифаќа.
**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и тој е составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 122 поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Цветанка Иванова и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Михајло Маневски:** Амандманот се прифаќа. Тој е овој амандман за кој говорев на почетокот на моето излагање.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен во врска со излагањето на господинот министер на почетокот.

Отворам претрес по амандманот на член 135 став 2, поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Цветанка Иванова, Борис Кондарко и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

За збор се јави господин Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе.

Ве известувам дека и овој амандман како предлагачи го повлекуваме.

**Благој Зашов:** Предлагачите го повлекоа овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 311, поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Цветанка Иванова, Борис Кондарко и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Благој Зашов:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави господин Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** И овој амандман, потпретседателе, го повлекуваме.

**Благој Зашов:** Предлагачите го повлекоа и овој амандман.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од Амандманот 25 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ги молам пратениците кои не се присутни во салата да влезат, како би пристапиле кон гласање.

Со оглед на тоа што не се создадени услови за гласање, бидејќи е потребно двотретинско мнозинство, ве молам, останете во салата, бидејќи ќе продолжиме со друга седница.

За оваа точка од дневниот ред ќе бидете известени кога ќе се гласа.

(Седницата прекина во 17,30 часот)